**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 1393 година**

**Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,30 часот.**

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, почитувани потпретседатели, министри и претставници на Владата, ја отворам Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Сакам да Ве известам дека пратениците Борче Сибиновски, Васе Манчев, Илија Лазаров, Димитар Батковски, Слободан Даневски, Стојан Андов, Михајло Георгиевски, Валентина Божиновска, Илија Георгиев и Васил Гаџовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

За да утврдиме колку пратеници се присутни на седницата, Ве молам било кое копче да го притиснете.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Ве молам, го прочитавте моето име за најавено отсуство, и покрај тоа што сум присутен тука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се извинувам, тоа е запишано, затоа што вчера Валентина Божиновска ме извести дека нема да бидете присутни.

Се извинувам уште еднаш, господинот Михајло Георгиевски е присутен на седницата.

Ќе Ве молам сега, за да можеме да видиме точно колку пратеници се присутни, вклучете го системот за гласање и притиснете го било кое копче, за да знаеме колкав е бројот на присутните пратеници.

Значи, имаме 68 присутни пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува, иако на оваа седница не се одлучува по овие прашања.

Исто така сакам да Ве известам, дами и господа пратеници дека, од денешната седница поради определени работни обврски или не присуство во државата поради работни обврски, своето отсуство го пријавија министрите: Георги Боев, Мартин Треневски, Александар Димитров, Димитар Димитров, Мирие Рушани, Ненад Новковски и потпретседателката Радмила Кипријанова, исто така и премиерот не е присутен во државата, кој е на прославата во Рим.

Почитувани дами и господа пратеници, на почетокот на мандатот Ви реков дека, по истекот на оној период во кој Владата требаше да се прилагоди, да се запознае со проблемите во сопствените ресори и воопшто со начинот на функционирање, ние ќе имаме специјални седници, посебно закажани седници, на кои ќе имате можност да водите дијалог со министрите, со потпретседателите, па дури и една седница на шест седници, на која ќе бараме да присуствува премиерот, само премиерот да Ви одговара на прашањата.

Тоа е дел на парламентарната демократија, тоа е дел на Владата пред јавноста да покаже колку е способна и владее со проблемите, како што се способни и министрите да одговорат директно на Вашите прашања, за одредени проблеми во соодветната област.

Овие седници ние ќе ги држиме најмалку на два месеци еднаш, а најмалку на шест месеци ќе го повикаме премиерот да дојде и тој да одговара за проблемите вкупни на Владата. Тоа е еден добар начин на остварувањето на парламентарната демократија.

Затоа, предлагам на оваа седница да не се разгледуваат други прашања, туку да го усвоиме овој дневен ред, односно со дневниот ред - Пратенички прашања.

Во таа смисла, Ве молам и формално да гласаме.

Кој е за тоа на денешнава седница да имаме една единствена точка - Пратенички прашања.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Процедурално, барам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете господине Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, јас не се согласувам со ваков предлог на претседателот на Собранието.

Мислам дека и Вие нема да се согласите со тоа, затоа што после шест месеци прв пат овде можеме да поставуваме пратенички прашања и ако тоа го правиме на два месеци еднаш - не само граѓаните на Македонија, но и ние пратениците ќе треба да чекаме. По два месеци ќе дојдат други два месеци, тоа се четири месеци, како што сега овие пратенички прашања од ден на ден се одложуваат. Тоа не е вред.

Предлагам секој месец да има пратенички прашања, секој месец на почетокот на месецот или од денес еден месец, затоа што тоа е најважна работа на граѓаните, на избирачкото тело кое нас не избрало во Република Македонија. Ние треба нивните барања и нивните работи што се овде да ги поставиме, затоа што граѓаните не можат да дојдат до Парламентот, до претседателот на Собранието, или претседателот на Републиката, до премиерот и министрите. Ние пратениците со месеци не можеме да дојдеме до министрите, а камоли други.

Исто така, предлагам за премиерот наместо шест месеци, еве нека бидат два месеци, премиерот на два месеци да биде присутен во врска со пратеничките прашања. Тоа е шест пати во годината, доволно за еден премиер на 60 дена овде во Парламентот да му поставиме пратенички прашања, затоа што како што е сега напната ситуацијата и како што е сега во овие моменти Република Македонија се наоѓа во економски колапс и пред влегување во некои тешки работи во Република Македонија, во која се наоѓа Европа и светот, исто како Југославија, со толку бегалци, имате катастрофа и епидемија во Република Македонија ќе почне да има. Има и многу други работи и постои опасност Република Македонија да биде вовлечена во војна.

Јас предлагам многу почесто да се сретнуваме тука и министрите и пратениците. Јас предлагам сите 120 да се здружиме овде до ситуација смирување на Југославија, Србија со Косово и Македонија, затоа што како што кажав минатиот пат 2-3 пати на седница, што се случува кај соседите, а гледате што се случува и кај нас во Република Македонија. Гледате оној ден овде оружје, оној ден таму оружје, онаму пука, некој ден внимавајте да не пукне овде и над зградава.

(Реакција на некои пратеници).

Јас имам потполно право за ова процедурално јавување.

Јас предлагам, а Вие нервирајте се колку сакате, 33 часа нервирајте се.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Амди, јас ќе Ви одговорам веднаш.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас излегов околу Вашиот предлог.

Не се согласувам со Вашиот предлог и мислам дека многу пратеници нема да се согласат со тоа и ќе ме поддржат, еднаш месечно да има пратенички прашања, на секој втор месец премиерот како премиер за сите работи да не извести тука со своите министри, министрите најнормално секој месец да си бидат редовни, кога се поставуваат пратенички прашања овде, за да можеме да ги поставиме и многу други работи.

Ве молам, господине претседателе овозможете ми да можам да говорам и да бидам добро сослушан, не сакам префрлување од страна, затоа што јас не префрлувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, вред, разбравме господине Амди, сега ќе Ви одговорам и ќе се договориме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Нема проблем. Вие што ќе одговорите, јас кога ќе си седнам на местото Вие можете да ми одговорите. Сега сум јас на говорница, господине претседателе.

Значи, со тоа барам овој предлог на претседателот кој го предлага на Собранието, ние пратениците - Ве молам, немојте да се смеете, пак Ви кажувам, со тоа јас добивам поени, а Вие губите кај граѓаните. Ќе дојдат претседателски избори, ќе дојдат локални избори, ќе дојдат парламентарни избори, немојте, ќе ве чини сите скапо. Народот се определи за вас, сочувајте си го ова и понатаму да ве бираат граѓаните. Не се смејте, да излеземе 5-10 минути со вас, еве јас лично ќе излезам до градот и ќе видите што зборуваат граѓаните. Не е тоа како што размислувате и се смеете овде. Тоа не е за смеење. Ова е предлог.

(Реакција во салата).

Драги господа, ако Ве заморувам јас со некои работи кои се потребни за граѓаните и за кои треба овде Парламентот да заседава и како што треба, јас можам да си верглам колку сакате сега тука и Вие викајте си од таму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, господине Амди, го разбравме прашањето, сега ќе ви одговорам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, не можете да ме прекинете, затоа што по барање на Вашите пратеници, по кои не ви одговара.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете можност да поставите прашање.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Дозволете да се искажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, јас не Ви пречам, само сакам да Ви одговорам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Нема проблем, ако сакате уште една чаша вода ќе се напијам.

Еве, има новинари, нека пренесат тука. Јас имам да зборувам многу работи овде, но многу добар и многу културен сум, не напаѓам многу, јас кажувам во интерес на граѓаните.

Чаирчанец, комшија, биди добар. Немој, те молам.

Значи, тоа е тоа, немојте со Парламентот на Република Македонија, немојте граѓаните довербата што ја дале, немојте, без разлика за кого гласале, јас сто пати кажувам гласале за промени и овие промени нормално треба да си одат како што треба, без разлика кој е опозиција, а кој не е опозиција, во овие моменти предлагаме сите заеднички да работиме, ако треба во интерес на нашите граѓани.

Војна ни претстои, отворено Ви кажувам, знае цел народ, не треба да ги лажеме граѓаните.

Повелете, господине претседателе, сега одговорете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сакам да му одговорам на господинот Амди Бајрам.

Господа пратеници, со овој начин на работа ние не го одземаме правото на пратеникот на секоја седница да поставува прашања. Вие имате право на секоја седница да поставите прашање. Но, со оглед на обврските што ги има Владата, бидејќи сите министри не можат да присуствуваат, туку во принцип присуствуваат оние министри чии материјали се разгледуваат на таа седница, немате можност да им ги поставите оние прашања на министрите кои би сакале да ги поставите, така што правото на поставување пратеничко прашање го има пратеникот на секоја седница.

Ние сакаме да воспоставиме еден нов принцип на меѓусебен дијалог меѓу Владата и Парламентот, каде што пратениците ќе поставуваат прашања, а министрите во рамките на нивните сознанија по соодветното прашање или директно ќе одговорат или на соодветен начин ќе им одговорат на пратениците.

Затоа, мислев дека е доволно, бидејќи ние можеме според Деловникот најмногу две седници месечно да држиме, не може секоја втора седница да биде пратенички прашања. Реков третата или четвртата седница да речеме да биде посветена на пратенички прашања, тоа е на два месеци, а премиерот не можеме да го повикуваме - тој кога сака присуствува и кога ќе оцени премиерот, основните закони тој ги образложува. Значи, пак е присутен, пак можеме да му поставиме прашања кога ќе биде премиерот присутен.

Затоа, ние воспоставуваме едно непишано правило, ова го нема во Деловникот. Едноставно се договараме овде и тоа ќе биде наше правило на два месеци еднаш ќе имаме посебна седница, што не значи дека ако нема доволно прашања нема да си продолжиме со наредната седница, ако имаме материјали и т.н. туку едноставно, посебна седница само за тоа и за тоа се вика целата Влада во тој момент.

Затоа, ова правило да го прифатиме, а господинот Амди Бајрам може да поставува на секоја седница пратеничко прашање, не му е одземено правото. Не му е одземено правото, нема да чека два месеци за да постави прашање.

Напротив, ако е тоа така, ќе Ве молам пак да се произнесеме.

Кој е за предлогот на денешната седница да имаме единствена точка пратенички прашања.

Ве молам да гласаме.

Имаме 76 пратеници присутни, сите 76 пратеници се изјаснија за, нема ниту еден против, ниту воздржан.

Според тоа, на дневниот ред на денешната седница ќе имаме само една точка - Пратенички прашања.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас не притиснав и не гласав, сега да видиме дали е точен бројот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Овде така е излезено.

Видете, толку колку што гласале, јас толку утврдувам.

76 пратеници гласале.

Добро, нека биде еден воздржан, односно нека биде јавно кажано дека има еден воздржан пратеник.

Во секој случај го прифаќаме предлогот.

Според тоа, го утврдивме дневниот ред.

Сакам да ви кажам одредени правила во врска со пратеничките прашања.

Секој пратеник има право да постави прашање или прашања, да определи од кој министер или министерство сака одговор на поставеното прашање и ако министерот излезе и му даде одговор на прашањето, јас го прашувам пратеникот дали е задоволен од одговорот. Ако пратеникот не е задоволен, треба да каже уште кој елементи ги бара од министерот да ги добие. Ако и после тоа не е задоволен, во тој случај се подготвува информација и таа информација од страна на Владата ние ја разгледуваме на една од седниците кога ќе дојде информацијата.

Значи, тоа е деловнички поставен однос, пратеничко прашање - министри.

Ве молам, во интерес на времето, бидејќи има доста пријавени пратеници кои сакаат да поставаат прашања и сигурно ќе има и други пријавени, прашањето да не биде елаборирано доста долго, да биде јасно, кратко и точно адресирано, кој сака да одговори на тоа прашање.

Според тоа, овде го имам прв на листата господинот Љупчо Анушев и го молам господинот Анушев да го постави своето прашање.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Имам еден склоп на прашања до министерот за сообраќај и врски и едно прашање до Министерството за урбанизам.

Прашањето до министерот за сообраќај и врски, е во врска со компанијата "Палер Македонија" која е приземјена на 3 октомври 1996 година, поради неплатени долгови кон Јавното претпријатие “Македонија".

Прашањата се:

1. Колкав беше тековниот долг на "Палер Македонија" во 1996 година на денот на приземјувањето, а колкав на другите македонски авиокомпании.

2. Дали е точно дека со ценовникот на услугите на Јавното претпријатие од 1994 година, спротивно на меѓународните норми, на "Палер Македонија" му е фактурирано и до 80% повеќе од другите македонски авио - компании, а по обраќањето на "Палер Македонија" до Уставниот суд ценовникот е променет, а "Палер Македонија" не е обештетена.

3. Дали е точно дека "Палер Македонија" предложил начин на враќање на долговите до премиерот Црвенковски, министерот за финансии Таки Фити, министерот за сообраќај Бузлевски, претседателот на Управниот одбор на Јавното претпријатие Илоски и кои се одговорите на дадените предлози.

4. "Палер Македонија" не обезбеди банкова гаранција за сите долгови, а "Авиоимпекс" и "МАТ" тоа го направија.

Дали се работеше за валидни банкарски гаранции и дали се редовно наплатени.

Тоа е што се однесува до првото прашање до Министерството за сообраќај.

Второто прашање е до Министерството за урбанизам.

Дали се вратени сите функционерски станови со времени решенија за користење и дали некои во меѓувреме се трансформирани во редовни, за да можат во овој период да се купат?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Анушев.

Збор има министерот за сообраќај и врски г-динот Боби Спирковски.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Овие прашања прво се однесуваат на работењето на приватна авио -компанија во времето кога се уште овој ресорен министер не беше министер.

Јас за оваа работа немам никакви сознанија, ниту од природата на прашањата станува збор за прашања од областите на ресорното министерство.

Меѓутоа, подготвен сум од она што можам како сознание да го добијам преку евентуално Јавното претпријатие за аеродромски услуги, дури не знам и Дирекцијата за цивилна пловидба дали воопшто во тоа време беше организирана, не се сеќавам.

Ако пратеникот и понатаму инсистира да добие некакви одговори, да се обидам писмено да ги доставам во форма на кратка информација, но не Информација на Влада, туку Информација од ресорното министерство, бидејќи станува збор за приватна авио - компанија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г-динот пратеник Анушев е задоволен во писмена форма да му се одговори на поставеното прашање?

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-динот министер за урбанизам и градежништво, Душко Кадиевски.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Сите функционерски станови, за кои Владата има дадено решение на оние функционери на кои им престана работниот однос склучен со Владата се вратени.

Има одреден број на станови кои беа доделени на разни функционери кои се во градба, тие решенија се поништени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г-динот пратеник е задоволен од одговорот.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас му верувам на министерот, меѓутоа, имавме информација дека два стана во овој момент се на списокот на станови кои се продаваат, а штом тој така вели, јас му верувам.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

За кои станови станува збор?

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

За поранешниот министер за урбанизам Јорго Шундовски и за Ѓунер Исмаил.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Тие два стана се со решенија од бившиот директор на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор Бојковски, тие не се доделени од страна на Владата, тие станови влегоа во програмата за продажба.

За тие станови може секој да конкурира и да ги откупи по пазарни цени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Значи, директорот на Јавното претпријатие згрешил.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега на ред е пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Јас ќе поставам две кратки прашања, кои се однесуваат на квалитетот на животниот простор во општината Липково, се однесува на Министерството за животна средина.

Второто прашање се однесува за Министерството за урбанизам веројатно за земјоделие и некое друго министерство, кое ќе може да помогне во однос на водоснабдувањето.

Имајќи го во предвид проблемот на квалитетот на животниот простор на ова подрачје, веќе пред 30 години се уште тој проблем не е решен, од причина што во атарот на рудникот Лојане постои депонија на хром, антимон и арсен од флотирање на тие руди со илјадници тони таа депонија се уште е тука, а другата депонија е во близина на железничката станица во Табановце.

Во летниот период прашината од арсеникот се движи дури кон југ до Велес. Такви податоци постојат во нашите научни институции и нема потреба да елаборирам повеќе.

Барам од Министерството за животна средина да ми одговори дали постојат мерки и начела како треба да се реши и кога треба да се

реши овој проблем, затоа што постојат сознанија дека многу европски институции владини и невладини исто така и организации кои се во состојба да помогнат во однос на овој проблем. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се поврзува со првото, а се однесува на квалитетот на подземните води. 22 селски населби, 18 од нив користат бунарска вода односно подземни води, тие подземни води се загадени од арсен, а арсенот е еден мошне отровен агенс, затоа постојат на тоа подрачје различни заболувања почнувајќи од респираторните органи, па се до други физиолошки проблеми кои го создаваат тоа.

Дали Министерството за урбанизам и другите министерства кои се бават со овој проблем, можат да ги реализираат усвоените проекти за зафат на води во липковскиот простор, преку изградба на мали акумулации?

Во 1998 година од страна на Владата беше прифатен проектот за мала акумулација на реката Лојане, потоа постои идеен проект за мала акумулација на реката Липковка, па потоа Отља и т.н.

Доколку не се преземат вакви мерки, сметам дека поранешната општина Куманово ќе има драстични проблеми со квалитетни води.

Барам писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во писмена форма ќе добиете одговор.

Сега е на ред г-динот Данило Глигороски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

Имам две прашања, едното е до Министерството за локална самоуправа, а другото до Министерството за развој на Република Македонија.

Првото прашање е до Министерството за локална самоуправа.

Од досегашната активност во изборната единица 76 на непосреден начин ја согледав и запознав улогата на месните заедници, како основна врска меѓу граѓаните и власта. Иако со повеќе пати намалени активности отколку во минатото, месните заедници се уште ја остваруваат својата функција во сферата во локалната самоуправа. Дел од активностите кои се одвиваат во месните заедници покриваат проблеми од комуналната сфера, евиденцијата и контакти со социјалните случаи, отстапување на просториите за држење на состаноци на разни здруженија и политички партии, отстапување на просториите на пратеникот од изборната единица за тој дел може да остварува контакт со граѓаните и др. Проблемот во врска со месните заедници се јавува во законската недореченост, по однос на функционирањето и финансирањето на месните заедници. Таа состојба во целата држава е архаична и со парцијални решенија од општина до општина. Последица од сето тоа е се потешката состојба како на објектите во кои се сместени месните заедници, така и на вработените во нив. Како пример би ги навел месните заедници на територијата на општина Карпош, меѓутоа имам сознанија дека и во други општини ситуацијата е слична.

Би сакал Министерството за локална самоуправа да го изнесе својот став по однос на месните заедници, дали планира законски проекти или амандмански измени на постојниот Закон за локална самоуправа, со кои месните заедници во државата ќе добијат по соодветен третман, споредено со улогата што ја имаат во државата. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Министерството за развој на РМ.

Праксата во современите западни земји покажува дека фирмите и компаниите имаат одделенија дури и центри за истражување и развој. Во некои земји постоењето на такви одделенија и центри дури се и законски стимулирани. Во минатото многу фирми односно порано се викаа претпријатија и кај нас имаа такви одделенија за истражување и развој, но со транзицијата таквите одделенија замреа.

Ме интересира дали во Министерството за развој се планираат законски проекти, со кои ќе се стимулира отворањето на центри и одделенија за истражување и развој.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Многу јасно беа поставени прашањата од г-динот пратеник Данило Глигороски.

Го молам министерот за локална самоуправа, ако е присутен да одговори, ако не во тој случај ако нема претставник еден од потпретседателите да се произнесе.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ:**

До колку нема претставник, јас би бил задоволен и со писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еве и потпретседателот Бедредин Ибраими, вели дека ќе добиете писмен одговор.

Меѓутоа, ја гледам министерката за развој, па ја молам да одговори на поставеното прашање.

**МИЛИЈАНА ДАНЕВСКА:**

И оваа техника покажува дека прашањето на г-динот пратеник е доста актуелно, се разбира дека Министерството за развој го третира ова прашање како извонредно важно, токму од тој факт во програмата за поттикнување на инвестициите, која неодамна беше утврдена и усвоена на Владата, го предвидува посебниот дел што ги третира прашањата сврзани со технолошките паркови и иновационите центри.

Во рамките на тој дел се предвидува обврска да се направи посебна програма за изработка на вакви технолошки паркови и иновациони центри, кои меѓу другото ќе поаѓаат од искуството на развиените земји, но и на земјите од непосредното опкружување, пред се

мислам на Словенија, Романија, Полска, каде веќе имаат позитивни резултати на тој план, така што размислувањата се токму на таа линија, како што вие ги поставивте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Пратеникот е задоволен.

Следниот пратеник е г-динот Латиф Пајкоски.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Почитуван претседателе, претставници на Владата, јас имам четири прашања и на сите четири барам одговорите да бидат во писмена форма доставени до првата наредна седница.

Имено, првото прашање го упатувам до Министерството за екологија.

Всушност се работи за следното:

Националниот Парк "Маврово" од Маврови Анови е еден од најголемите во РМ и пошироко и се наоѓа во западниот дел на РМ. Основната специфичност на овој Национален парк е што во еден негов дел од десната страна на Радика, има повеќе селски населби густо населени и на овој простор живеат околу 15 илјади жители.

Свесни за сите природни реткости од флората и фауната кои ги има на овој простор, како и националните интереси за нивна заштита, граѓаните кои живеат во националниот парк се изложени на строги законитости кои владеат на овие простори, а пред се многу забрани за користење на пасишта, забрана за сеча на огревно дрво, забрана за собирање на градежни материјали, односно високи давачки воведени за овие намени, како и заштита на дел од дивечот присутен на овој простор.

Имено, граѓаните кои живеат на овие погранични ридско - планински и неразвиени подрачја, за своите потреби од набавка на огревно дрво мораат да плаќаат цени кои се дури и повисоки од оние во градските населби. За евентуално настанатите штети да бидат казнувани *со* високи казни.

Имајќи ја предвид имотната состојба на граѓаните, како и политиката на државата за развој на сточарството како стопанска гранка, граѓаните се изложени и на плаќање на високи шумски такси по грло добиток за напасување на селски пасишта или шуми.

Исто така, штетите предизвикани од забранетиот дивеч, особено дивата свиња до таа мерка се присутни, што граѓаните и онака малку земјоделско земјиште кое го имаат би ги задоволувало нивните потреби.

Прашањето е, дали Владата односно ресорното министерство планира измена на Законот за национални паркови, особено делот во кој се предвидува заштита на одредени богатства застапени во националниот парк, со тоа што би се обезбедиле одредени средства од други извори кои ќе служат за надомест на направените штети, односно компензација за високите давачки кои мора граѓаните да ги плаќаат.

Тоа е првото прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дали ова министерство планира да обезбеди услови за користење на пасиштата во западниот дел на РМ, долж македонско - албанската граница на реонот од Кораб, Дешат и Крчин, пасишта кои со години наназад индивидуалните сточари и сточарските задруги, од овој простор ги користеле со напасување на 20-тина илјади грла, со тоа што пасишта кои последните неколку години заради многу честите илегални преминувања на граѓани од Република Албанија, се изложени на разни кражби, физички малтретирања и т.н. Всушност, сточарите се оставени на милост и немилост за обезбедување на пасишта за својата стока.

Третото прашање е до Министерството за образование.

Дали Министерството за образование планира во летните месеци кога нема настава, да се преземат активности за доградба на училишната зграда во с. Жировница? Имено, со реновирање на зградата е отпочнато од пред пет години и до денес истата не е довршена. Така 400 ученици ова село наставата ја спроведуваат во само 4 училници и уште четири адаптирани од фискултурната сала.

Последното прашање исто така до Министерството за образование.

Дали Министерството за образование планира да преземе мерки за обезбедување на настава до VIII-мо одделение, што е уставно и законско право и обврска на сите граѓани на РМ, за ученици од селските училиште во кои нивниот број се движи до околу 20-тина.

Ваква појава има веројатно во многу селски училиште во РМ, особено е карактеристична во делот од каде доаѓам тоа е во селата Присојница, Јанче, Аџиевци и Битуше, каде учениците по завршувањето на IV одделение се оставаат сами да одлучат дали ќе го продолжат школувањето до задолжителното VIII одделение и во пракса еден поголем број од нив остануваат со завршено IV одделение.

Повторувам одговорите ги барам во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Латиф Пајкоски.

Во писмена форма ќе ги добие одговорите.

Сега е на ред пратеникот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Првото прашање ми е до Министерството за образование може и до Министерството за надворешни работи.

Прашувам зошто и до кога на бројните млади интелектуалци Албанци од разни профили се врши селекција, нема да претерам ако речам дека тоа е еден вид дискриминација, само затоа што нивните дипломи и свидетелства носат печат од Универзитетите од Албанија или Универзитетот во Приштина, а да не зборувам од Универзитетот во Тетово.

Република Македонија, колку ми е познато до сега има склучено договори кои се ратификувани од ова Собрание, за признавање на свидетелства и дипломи со сите соседни земји и другите балкански и вон балкански. Единствено тоа го нема сторено со Република Албанија, кога се знае дека во последните години оттаму има толку студенти кои завршиле на ниво на Република.

Што се случува и што се добива во случајот, тоа е дека доста од овие стручњаци дали се тоа лекари, стоматолози, ветеринари, инженери и други принудени се на диво да работат без да и плаќаат на оваа држава придонеси и т.н. Ова може да биде одговорено во писмена форма, а може и усно ако се сака.

Второто прашање се однесува до Министерството за внатрешни работи. Има појава кај нас барем во Струга и струшко дури се обратија до мене дваесетина граѓани кои привремено се вработени во странство, но во нивните пасоши се пишува адресата каде е вработен во странство, а плус тоа на истиот не му се дава лична карта. Тука имам одбиени решенија за барање на лична карта, образложение е дека тој не е жител овде, туку во странство.

Проблемот е во тоа што со не добивањето на лична карта, а плус тоа со адреса таму каде што е вработен во странство, во случај да ја смени адресата во странство, значи ќе има проблем со пасошот и државата каде е вработен.

Во случај при враќање од странство дома, при некоја сообраќајна незгода, не дај Боже дури и да загине. Се случува да се врати од Бугарија назад во Германија, па пак повторно се врати во родното место.

Третото прашање е исто така до Министерството за внатрешни работи, а се однесува на следното. Исто така се однесува за привремено вработен во странство, конкретно се работи за еден случај, а верувам дека не е само тој. Имено, лицето е вработено во Швајцарија, а се работи за добивање на државјанство. Роден е во Македонија, поседува недвижен имот, фамилија, жена, деца, кои поседуваат македонско државјанство, па и неговиот татко. Едино тој нема државјанство на РМ. Засега тој поседува само пасош, не за државјани на Македонија, туку за странци, му се дава одговор, ако сакаш да добиеш државјанство мора да прекинеш со работа една година непрекинато да живееш овде, па дури после да добиеш државјанство.

Ако може усмено да ми се одговори, ако не може и писмено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Алириза Лога.

Со оглед на тоа што за првото прашање побара писмено да му се одговори, тоа ќе го стори Министерството за образование.

Добро, потпретседателот Доста Димовска еве ќе одговори на прашањето.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Пратеникот Лога сите информации околу признавањето на дипломите ќе ги добие во писмена форма, откако ќе ги добиеме податоците од Министерството за образование.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Димовска.

Дали господинот министер за внатрешни работи ќе одговори на другите прашања.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Ќе дадеме одговор во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господине Алириза сте задоволни да добиете одговор во писмена форма?

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Јас реков може и писмено, може и усмено. Нема проблем. Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи во писмена форма ќе добиете одговор на вашите поставени прашања.

Му давам збор на господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се уште не сум пријавен за пратеничко прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитувани пратеници, јас имам да поставам неколку прашања.

Првото прашање се однесува на Министерството за труд ц социјална политика, а прашањето е следното:

Група граѓани од Гевгелија кои биле вработени во Германија, сега се повратници, имаат по тој основ, остварено право на пензија по работен стаж која треба да ја подигнат кога ќе ги исполнат условите. Тоа значи најверојатно по старосна пензија.

Прашањето е дали РМ има склучено договор со Германија, граѓаните кои сакаат да ги подигнат тие средства, не да ги чекаат до исполнување на условите за пензија, да можат да ги подигнат како такви и натаму да им престане обврската во фондот за пензиско осигурување.

По укажување на граѓаните, РМ веројатно е единствена од бившите републики која нема склучено таков договор со СР Германија.

Второто и третото прашање се однесуваат на Министерството за сообраќај и врски.

Прво прашање е во врска со патарините кои се наплаќаат на автопатот во РМ. Дали има можност да се изедначат цените на патарините за категории на возила, без оглед на државјанството на оние кои управуваат со моторни возила, дали се тоа домашни или странски државјани. Имено, познато е дека за иста категорија возила се наплаќаат различни цени, во зависност од тоа дали се македонски или странски државјани.

Имено, како што е познато во сите скоро држави каде што поминуваме, држави на ЕУ каде што се наплаќаат патарини, тие се подеднакви за сите без разлика дали се странски или домашни државјани.

Второто прашање од доменот за Министерството за сообраќај и врски, би било дали по програмата за магистрални и регионални патишта е влезено и асфалтирањето на патот помеѓу населените места Негорци и Прдејци, бидејќи во тој дел егзистира болница за нервни и душевни болести со околу 250 пациенти и околу 100-тина луѓе персонал, кои веќе 30-тина години одат по макаден пат. Во тој дел, дали е влезена и регулацијата на клучката на автопатот Е-75, со населеното место Прдејци и Негорци, што всушност претставува црна точка, затоа што тука се судруваат многу сообраќајни незгоди. Тој дел од патот сега засега е нерешен.

Следното прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се однесува на регулацијата на водите на реката Вардар, посебно во делот од селото Удово до Гевгелија. Дали е влезено во програма регулирање на тој дел од водите на реката Вардар. Се работи за тоа што, овде водите на реката Вардар го доведоа во опасност и постоечкиот пат Е-75, затоа што постојаното извлекување на земјата од страна на река Вардар е скоро дојдено до десетина метри од постоечкиот пат Е-75, автопатот спрема Грција.

Последното прашање ви било до Министерството за образование.

Од Училишниот центар "Јосиф Јосифовски" е поднесено барање до Министерството за образование за повторно активирање на паралелки од машинската струка од трет и четврт степен, кој во 1998 - 1999 година беше ставена во мирување.

Образложениено кон ова е дека, во Бирото за вработување во Гевгелија нема ниту еден профил на кадар од овие струки кои што не е вработен. Бидејќи стопанството во Гевгелија апсорбира такви кадри, мислам дека би било пожелно да ми се одговори дали постои можност оваа учебна година повторно да се активираат тие две паралелки во Училиштето "Јосиф Јосифовски".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали за првото прашање сакате одговор од министерот за труд и социјална политика, потпретседателот на Владата господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине пратениче, со Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ Македонија, ги презеде сите меѓународни договори кои поранешна Југославија ги имаше склучено, а во тие рамки и договорот помеѓу поранешна Југославија и СР Германија, од 12 октомври 1958 година. Со овој договор се уредува правото од пензиското и инвалидското осигурување и здравственото осигурување, правата при настанување на несреќи при работа, додаток на деца и друго.

Сите договори за социјално осигурување се засноваат врз принципот на примена на правните прописи на државата, во која осигуреникот работи, што значи дека и нашите граѓани кои работат или работеле во Германија подлежат на прописите од работни односи, пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување. Тоа се однесува и на враќање на придонесот.

Овој договор не ги предвидува условите според кои може да се врати придонесот на работниците. Таа постапка не се води преку фондовите на пензиско и инвалидско осигурување во двете држави и секој граѓанин на РМ кој бара да му биде вратен придонесот, треба да поднесе поединечно барање до германскиот носител на осигурување.

Според германскиот закон за пензиско и инвалидско осигурување, кој е уплаќан од страна на работникот може да биде вратен, во случај кога работникот не може да ги исполни условите за остварена пензија, старосна пензија, 65 години старост и најмалку 5 години пензиски стаж, при што се сумира и стажот во Германија. Меѓутоа германските прописи даваат можност преку уплата на доброволно осигурување или со докуп на стаж на осигуреникот да го исполни минималниот стаж од 5 години, со што ќе се оствари право на германска пензија што поволна за осигуреникот, а претставува и основна задача на германското осигурување.

На осигуреникот на кој вкупниот стаж во двете држави изнесува над 2 години, според германскиот закон не е дадена никаква можност за враќање на придонесот. Истото важи и во однос на здравственото осигурување. Значи, се применуваат конвенциите кои биле пропишани од поранешна Југославија, а преземени од страна на РМ. Тоа право се остварува со поднесување односно понесување со себе образецот ЈУ-6 од Германија и истото се доставува до подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување,

каде граѓанинот живее и може да го оствари правото на здравствена заштита.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Спанаков, дали сте задоволен од одговорот.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше поставено до Министерството за сообраќај и врски.

Дали министерот за сообраќај и врски сака да одговори.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

На прашањето дали постои можност да се изедначат цените на патарините во РМ за сите граѓани, одговорот е потврден.

Сигурно дека можат, да се изедначат, меѓутоа не согласно постојните прописи. Законот за јавни патишта надоместокот за употреба на автопат го дели во 2 групи, во зависност дали возилото кое го користи е регистрирано во РМ или надвор од неа, а висината на надоместокот го утврдува Владата со сопствена одлука.

Би го информирал пратеникот при Собранието дека, Законот за јавни патишта е во процедура, за една негова по комплексна промена, сега ова прашање го согледавме и дека заедно во пакетот со другите промени на овој закон ќе биде патарината изедначена.

Во поглед на второто прашање, кое е врзано за клучката од населените места Негорци и Прдејци со програмата на ФАРЕ за преку гранична соработка, во тек е изготвување на техничка документација за автоматот Е-75 на делницата Демира Капија - Гевгелија и истата треба да биде финализирана во почетокот на 2000 година. Со оваа програма и со оваа техничка документација ќе биде дадени решение и за приклучоците за наведените села, не парцијално туку тогаш заедно со целокупниот проект.

Асфалтирањето на патот од села Негорци до село Прдејци со пристап до душевната болница во Негорци, не е планирано за програмата во 1999 година, бидејќи во оваа година и нема средства.

Тоа е одговорот на овие прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господинот Спанаков е задоволен со одговорите.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Да, задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше поставено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дали имаме претставник, кој би одговорил на поставеното прашање?

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ:**

Што се однесува до прашањето да кажам дека Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство нема определено пари за регулирање на реката Вардар од Удово до Гевгелија, а морам да го известам пратеникот дека ова прашање не е на Министерството за земјоделие, туку надлежно е друго министерство за регулирање на реката.

Мислам дека Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство нема таква надлежност.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Јас ќе одговорам на тоа прашање.

Во проектот Вардарска долина, влезено е во програмата регулација на реката Вардар по целото нејзино течение, така да и потезот кој го напомна пратеникот исто така е предмет на таа програма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратениот Спанаков е задоволен од одговорот?

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Спанаков постави прашање и до Министерството за образование.

Дали има претставник од Владата кој ќе одговори на тоа прашање.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Во писмена форма ќе одговориме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ќе добиете одговор на последното прашање во писмена форма.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Јас сакам да поставам две прашања.

Првото прашање е до министерот за финансии, а се однесува на следното:

Што се планира со регулирањето на заостанатите плаќања за пензиско и здравствено осигурување во фирмите, кои немаат платено по 4 и 5 и повеќе години, се работи за претпријатија кои реално не би можеле да ги наплатат овие обврски, не се приватизирани, а не би можело да се создадат услови овие претпријатија да се консолидираат и да почнат ликвидно да работата.

Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Министерството за информации.

Дали ќе дојде до намалување на ТВ претплатата?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам министерот за финансии, бидејќи до него беше поставено прашањето да одговори на прашањето.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јас секојдневно добивам писма од претпријатијата во РМ, во кои писма бараат тие претпријатија во ново настанатите услови да се ослободат од даноци и придонеси, и тоа се најчесто даноци и придонеси за здравствено, пензиско осигурување. Тоа се средства кои на индиректен начин припаѓаат на Буџетот и со ослободувањето на овие придонеси ќе биде доведено во прашање и Буџетот, функционирање на државата и функционирањето на одредени институции, како што се пензиско, инвалидско и здравственото осигурување.

Владата размислува да посегне кон намалување на овие даноци и придонеси. Ние не мислиме односно немаме во проект да вршиме намалување одвоено да ги ослободиме овие претпријатија од даноци и придонеси, меѓутоа мислиме да преземеме мерки да се намалат стапките на даноците и придонесите, бидејќи тоа беше и во нашата програма и ветување на изборите. Тоа ќе направевме и досега, меѓутоа во разговорите со ММФ имавме пречки тоа да го направиме. Меѓутоа, сега дојде ММФ и ние ова прашање ќе го наметнеме и сигурно во наредниве месеци ќе се случи стапките на одредени даноци и придонеси да се намалат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господинот Трајков е задоволен од одговорот.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Да, задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање од пратеникот беше поставено до Министерството за информации.

**ДРАГИ АРСОВ:**

ТВ претплатата не е сврзана со Министерството за информации.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Јас реков или до претставникот од Секретаријатот за информации или некој друг од Владата да ми одговори.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Ова прашање е во надлежност на Владата и преку Министерството за стопанство ќе добиете писмен одговор, ако се согласувате.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На ред е пратеникот Шахиќ Алија.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри на Влада, почитувани колеги пратеници.

Село Батинце се наоѓа на 8 км од Скопје, а во непосредна негова близина е изградена и функционира депонијата "Дрисла". Жителите на село Батинце ме информираа дека при депонирање на сметот, не се врши селекција. А, како смет се јавуваат употребувани шприцеви од клиники и амбуланти во градот. Знаеме дека постои Инфективна клиника, каде има заболени од сида. Од депонијата се шири неподнослива миризба.

Село Батинце сместено до депонијата "Дрисла" нема водовод, а жителите од селото со вода за пиење и наводнување на нивите и бавчите, како и напојување на добитокот ја користат од ископаните бунари и пумпи. По извршеното испитување од страна на надлежните институти за бактериолошка исправност на водата, докажано е дека водата е 10 пати по загадена од дозволеното. Таквата вода не е за пиење. Во селото, поради користење на таквата вода за пиење има заболени.

Понатамошното толерирање на ваквата состојба може да доведе до несакани последици по жителите на селото во смисла на епидемија од заразни болести. Пред две години за разрешување на овој не така наивен проблем започна изградба на водовод за спомнатото село. Истиот е изграден во должина од 1 км. и стопиран.

Прашањето што го поставија жителите на споменатото село до мене како пратеник, а јас го поставувам, презентирам до вас и барам одговор по истото:

Кои се причините за стопирање на градбата на започнатиот водовод за селото Батинце?

Што ќе стори Владата на Република Македонија преку своите надлежни министерства за решавање на овој проблем, околу обезбедување на чиста вода за пиење?

Приоритет во решавање на истакнатиот проблем ќе доведе до спречување на епидемија од заразни болести, почиста животна средина, помирен и поубав живот на жителите од селото Батинце.

Во нивно име и во мое име барам итен одговор за решавање на истакнатиот проблем. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со поставеното прашање поврзани се двете министерства, Министерството за урбанизам и Министерството за екологија.

До колку не сте во можност да одговорите денеска, може да се одговори и писмено.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Може и писмено да се одговори, до колку не се во можност денеска да одговорат на прашањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е, одговорот ќе го добиете во писмена форма.

Збор има господинот Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Моите прашања ќе имаат два дела, едното ќе се однесува до министерот за урбанизам, а второто до министерот за финансии.

Колеги пратеници, ова се однесува до Владата, есеноска се одржаа изборите во Република Македонија и во Куманово. Кандидатите на СДСМ ангажираа повеќе машини и други алати за изградба на патишта и некои други приклучни објекти.

Тие кои беа само во првиот круг започнаа одредени дејствија и паднаа, не добија статус да учествуваат во понатамошниот натпревар, сите започнати комунални работи ги оставија и тие и ден денеска стојат во калишта, без да се реши статусот со нив. Другите беа започнати, исто така, одеа кандидатите во вториот круг, меѓутоа паднаа и не ги довршија.

Се работи за четири локалитета. Првите три се однесуваат на дел од улиците "Тонко Димков", "15 Мај" и "Гуро Гаковиќ", некаде од прилика скоро 1 км. од сите три улици должина. За жал, во XX век од калдрма, но и таа калдрма се извади и останаа калишта.

Господинот кандидат Ристо Келешов откако изгуби можност да учествува во понатамошниот натпревар во изборите, се откажа и ден денеска стојат тие улици.

Вториот дел е на улица "4 Април" или т.н. нас. "Банево трло", каде кандидат беше поранешниот пратеник Слободан, кој исто така ги изгуби изборите и таму остана се раскопано.

Дали, сега се однесува до министерот за урбанизам, дали преку подрачната единица за инспекција, комунална инспекција се преземени мерки да се утврди положбата на овие улици и кој го тоа започнал и напуштил изведбата. Бидејќи е неспорно, дали сега се однесува на министерот за финансии, дали до политичката партија СДСМ, дали е преземена постапка да се обезбедат трошоци за до изградба, односно за враќање во поранешна положба на овие улици од оваа политичка партија? Јас би кажал и од кои средства, а тоа се средствата што оваа партија ќе треба да ги добие како дел од надомест на трошоци за изборите. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, само оној дел што се однесува до Министерството, бидејќи овде не одговараат партии господине Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прашањето го поставив јасно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека прашањето е упатено до министерот за урбанизам и градежништво и го молам тој да одговори што може да направи за дооформување на започнатата градба?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, моето прашање е јасно. Улиците се растурени. Сега треба средства за нивно враќање. Облигациите се јасни. Тој кој ќе направи е должен да ја надомести. СДСМ, кандидатите на СДСМ направија такви грешки, односно штети и должна е да ги надомести.

Барам од министерот за финансии дали размислувал и донел заклучок тие средства да се обезбедат на таков начин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека прво министерот за градежништво и урбанизам треба да одговори.

Има збор господинот Кадиевски.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Градежната инспекција треба да ја утврди причината зошто е таква состојбата, да се обрати до инвеститорот и да ги преземе останатите мерки. Тоа можеби и го направила, не ми е познато, а за тоа ќе проверам.

Што се однесува до интервенцијата за повторно враќање во истата состојба, тоа е должност на инвеститорот или поточно локалната самоуправа, затоа што локалните патишта се во надлежност на локалната самоуправа на градот Куманово. Така што, ако локалната самоуправа има пари предвидено за таков вид на интервенции во Буџетот, треба да изврши интервенција. Сигурно треба да изврши интервенции да ги доведе улиците во првобитна состојба, без разлика од кои причини така се доведени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Стојановски дали сте задоволни од одговорот?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега е на ред господинот пратеник Стојковски Благоја.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, јас имам неколку прашања.

Првото прашање е до Министерството за труд и социјална политика:

Колку има вработени од 1.12.1998 година до 15.05.1999 година во организации што не се буџетски корисници и не се јавни претпријатија, со искажување на податок колку има вработени додека важеше Законот за зголемување на вработеноста, а колку по укинувањето на овој закон, што се укина по предлог на Владата?

До истото Министерство - Колку биле вработени на 1.12.1998 година во буџетските установи и републичките јавни претпријатија? Колку во овие установи и претпријатија има вработено со, 15.05.1999 година?

До Министерството за образование - Зошто доцни изградбата на основното училиште "Кристијан Карпош" во село Младо Нагоричани?

Изградбата на училиштето започна во 1998 година преку проектот за рехабилитација на образованието, финансирана од Светската банка. Изградбата во 1999 година стагнира, извршени се незначителни градежни работи, а новата учебна година ќе започне за три месеци.

Дали, до истото Министерство во оваа година ќе започне реконструкцијата на училиштето во село Тромеѓе, кое исто така во 1998 година влезе во Проектот за рехабилитација на образованието што се финансира преку Светската банка?

До Министерството за екологија - Ќе започне ли со реализација Проектот за изградба на"Анаероби", прочистување на отпад во свињарската фарма на ЗИК Куманово во село Речица?

Фармата во село Речица е голем загадувач и предизвикувач на уништување на флората и фауната во Кумановската река, која што според сите стандарди е една од најзагадените реки во Република Македонија. Во минатата година беше направена целокупната техничка документација, изградбата на пречистителната постројка "Анаероби" требаше да биде финансирано преку ФАРЕ - Програмата.

До Министерството за сообраќај и врски - Дали оваа година ќе биде завршен регионалниот пат Р-203 до село Рамно?

Патот е од регионален карактер, а опфаќа голем број на села од "Козјак". Тој е во вкупна должина од 9 км., а во минатите години се завршени 7. Остануваат за довршување уште 2 км.

До истото Министерство - Кога регионот на Козјачие, во кој има над 20 села ќе добие сигнал од Македонската телевизија, со што ќе можат да ја следат програмата на Македонска телевизија. Во моментот се примаат сигнали од телевизии на соседните држави.

Доколку не може усмено да се одговори, бидејќи на повеќе прашања барам податоци, ќе бидам задоволен со писмен одговор.

Доколку има министри кои можат да одговорат во ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојковски Благоја.

Прво би го замолил министерот за труд и социјална политика господинот Бедредин Ибраими, дали може да одговори, бидејќи се бараат точни податоци?

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Сепак се работи за одредени податоци и за одредени периоди, за кои што господинот пратеник баш бараше, односно беше прашањето и бара одговор. За да одговорот биде точен, тој ќе биде во писмена форма.

Исто така и прашањата за образованието и екологијата, бидејќи моментално немаме претставник од овие министерства.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И тие ќе дадат одговор во писмена форма.

И во врска со прашањето поставено до министерот за сообраќај и врски, одговорот ќе го добиете во писмена форма.

Значи, господине Стојковски, ќе добиете одговор на сите прашања во писмена форма.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Прашањата беа сите за добивање одговор во писмена форма.

Не знам дали министерот за екологија е тука, прашањето беше такво што би можел да одговори?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Заменикот министер е тука.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Добро, нека биде во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега е на ред господинот Настевски Кирил.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Ќе поставам неколку прашања.

Со оглед на тоа што дел од прашањата се комбинирани, веројатно упатени до повеќе министерства или Владата, ќе побарам писмен одговор.

Прво прашање - Што ќе направи Владата за активирање на најголемиот енергетски комплекс во Република Македонија, регионот Мариово, односно за изградбата на Хидро - електраната "Чебрен"?

Како што е познато, регионот Мариово располага со голем хидро -енергетски потенцијал на реката Црна, со можност за изградба на три хидро -електрани. Потоа, познати се лежиштата на јаглен во количина од 111 милиони тони и индикативни се наоѓалиштата за термални води како и енергијата на ветерот, био - масите и крајно, потенцијалите на нуклеарната енергија.

Во изминатиов период, врз основа на подготвена физибилити студија, со испитување на интересот за изградба на ХЕ "Чебрен" по пат на концесија беа пријавени 24 странски компании. Тендерот за меѓународен консултант ја чека само одлуката.

Со оглед на вредноста хидро - електраната “Чебрен“, би била најголемата инвестиција во нашата држава, ќе користи неисцрпно потенцијал на енергија во процесот на производството воопшто не ја загадува животната средина. Во нејзината изградба би се ангажирале голем број наши градежни фирми за следните 5-7 години и крајно би се подобрила сега поразителната слика на Мариовскиот крај како најзаостанато подрачје, сосема раселен простор, оставени не искористени огромни ресурси.

Второ прашање, дали Владата ќе превземе активности за отворање на нов граничен премин помеѓу Република Македонија и Република Грција во Мариовскиот регион, помеѓу граничните премини Битола и Гевгелија на растојание од околу 100-тина километри нема граничен премин, а евентуалното отворање на преминот “Пуљевац“ покрај протокот на луѓе ќе овозможува и развој на Мариовскиот регион.

Следно прашање во фабриките за наменско производство Еуроинвест " 11 Октомври" - од Прилеп и "Сувенир" од Македонски Брод и Самоков, повеќе месеци скоро е прекинато производството. Вработените немаат примено личен доход за повеќе месеци наназад, а оставени се без никаква егзистенција и работа. Овие фабрики до денес немаат склучено договори со министерствата што го користат тоа наменско производство, освен некои ситни авансирања. Што ќе превземе Владата за надминување на оваа ситуација, а особено за решавање на статусот на овие фабрики за наменско производство?

Следно прашање, што ќе превземе Министерството за информации против лицата кои пред неколку дена во Прилеп, после завршувањето на трибината за актуелната политичко - безбедносна состојба во Република Македонија, на која зборуваше лидерот на Социјалдемократскиот сојуз Бранко Црвенковски. Ги украдоа видео касетите од рацете на снимателите на две телевизиски куќи. Со овој насилнички акт се скрати можноста граѓаните по нашироко да бидат информирани за оваа трибина, а на медиумите не им се овозможува да си ја вршат својата професионална задача, со што во една демократска земја каква што е нашата држава се узурпира правото на информирање.

Следно прашање, зошто во некои региони во Република Македонија откупот на тутунот се одвиваше со прекини и се продолжи до втората половина на месец мај што не се случило никогаш во минатиот период. Ова предизвика големи загуби кај тутунопроизводителите во однос на тежината, квалитетот и цената на тутунот. Зошто и покрај големите ветувања, исплатата на откупениот тутун наместо за две недели, доцни за два и повеќе месеци. Тутунопроизводителите веќе отпочнаа со расадување на новата реколта тутун, а ги немаат добиено парите од минатата реколта. Згора на тоа цената на откупениот тутун не ја достигна онаа ланската, а ветените седум германски марки по килограм останаа само сон. Со оглед на тоа што тутунот долги години се обработува на овие простори од голем број на семејства. Тутунот за нив претставува единствена егзистенција, единствено занимање, а од друга страна имајќи го во предвид фактот дека тутунот е стратешка култура и од интерес на Република Македонија, дали Владата мисли да превземе мерки за осигурување на тутунопроизводителите, на кои единствено занимање им е тутунопроизводството.

Следно прашање, зошто Министерството за животна средина пред пристапувањето кон изработка на физибилити студија за изградба на депонија за опасен отпад во месноста Криволак, не ја информира јавноста за видовите и количините на опасен отпад. Зошто наместо да се депонира опасниот отпад не се превземаат претходни мерки за супституција на постојните технологии и реекстракција на корисните елементи и соединенија од опасниот отпад. На таков начин опасниот отпад ќе биде сведен на минимум, па дури и ќе нема потреба од изградба на депонија.

И последно прашање, во општина Богомила, а веројатно и во многу други општини особено во планинските села немаат телевизиски прием, а жителите плаќаат надоместок. И во други села во Богомилско се гледа само првата и втората програма, а жителите кои немаат приемник истите плаќаат надоместок. Што ќе превземе надлежното министерство за отстранување на овие состојби целосно во Република Македонија, а не поединечно како тоа се прави со одлуките.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот постави повеќе прашања, на кои што може да му се одговори и писмено.

Но, ако некои од министрите можат да одговорат усно.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Браната “Чебрен“, тоа е едно комплексно прашање. Во програмата за јавни инвестиции за оваа година е влезено како предмет на разгледување. Инаку вредноста изнесува околу 400.000.000 американски долари. Таа е и дел од програмата Вардарска долина, така што ќе подготвиме еден поголем писмен документ, па ќе го приложиме како одговор на прашањето на пратеникот.

Што се однесува до отварање на нови гранични премини, со новиот просторен план на Република Македонија предвидени се неколку такви, меѓу кои спаѓаат и овие две што ги напомна г. пратеник.

Што се однесува до депонијата Криволак, можам да кажам дека со новиот просторен план таму е таа предвидена, а оној дел од прашањето што се однесува на животна средина сигурно ќе го добиете од министерот за животна средина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот Кирил Настевски дали е задоволен од одговорите во овој дел.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Благодарам, но во секој случај и писмено да се одговори.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ:**

Што се однесува до информацијата за состојбите и можностите за разрешување на проблемите со цврстиот и опасен отпад во Република Македонија, ова е веќе второ поставено прашање и веќе Министерството за животна средина подготви една информација токму во контекст на ова прашање.

Но, одговорот ќе го добијат во писмена форма.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Ние за откупот на тутунот расправавме на овој Парламент и навистина имаше информација и мислам дека потребно е да кажам дека, оваа година откупено е големо количество на тутун во споредба со последните неколку години и откупот на тутун освен она во почетокот што се одвиваше, мислам со одреден застој, после се одвиваше нормално. Она што не се откупи секаде тутунот во исто време, мислам дека дел на производителите во почетокот не сакаа да го даваат тутунот, а дел организации се најдоа, бидејќи купија големо количество на тутун, посебно тоа се однесува на Тутунскиот комбинат и некои други имаа проблеми со простор за сместување и откупот беше одложен за кратко време.

Мислам дека, откупот е извршен на време оваа година и производителите на тутун би требало да бидат задолжени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник, дали имате дополнувања во врска со одговорот?

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Мислам дека, поготово прашањето за тутунот јас го поставив по комплексно во целина, зошто откупот на тутунот доцни, зошто доцни исплатата, зошто цените се пониски и што ќе се направи со тутунопроизводителите, на кои што единствено занимање им е тутунот.

Според тоа, сметам дека далеку подобро би било да се одговори на писмено, за да се опфати прашањето во целина.

Исто така и за останатите прашања предлагам да се одговори во целина и писмено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот инсистира писмено да му се одговори.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Мислам дека прашањето беше поставено и некои податоци кои беа дадени во самото прашање се точни.

Прво, оваа година цената на тутунот се зголеми за 15%, во однос на откупната цена од минатите години.

Второ, оваа година за прв пат се откупи тутунот со интервенција на државата што досега никогаш не е направено.

Трето, оваа година тутунот се откупуваше по квалитет.

Четврто, точно е тоа дека околу 3.000.000 марки останаа не исплатени. Тоа не се случило досега. Пратеникот постави прашања, вели тутунот од минатата година не е платен. Од овогодишната реколта остануваат неплатени само 3.000.000 марки и тие ќе бидат исплатени во текот на наредниот период. И ако се земе во предвид дека минатата година и оваа година не бевме исти и ако се земе во предвид дека оваа година е посебна година во која е криза. Јас мислам дека тутунот ние го откупивме на време.

И третото прашање, што со тутунот во наредната година? Ние ги определивме цените како и секогаш гарантираните цени на тутунот, а државата штом постави гарантирани цени на тутунот, таа веќе се обврзува да го откупи тутунот. Така што тутунското производство со тие цени е стимулирано, секој кој може, може да сади тутун, а тој тутун ќе биде откупен од државата.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Јас и да бидам задоволен со одговорите, тутунопроизводителите нема да бидат задоволни, бидејќи во најмала рака се кажа дека барем 15% цените ќе бидат повисоки од лански откупениот тутун, а тоа не се постигна. А како што рековме ниту исплатата на две недели, еве, два, до три месеци не е исплатен тутунот.

Меѓутоа, реков за да остане и во документација треба да се одговори и во писмена форма на сите прашања како што ги поставив по ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред, тогаш ќе се подготви и писмена информација.

За овие прашања во писмена форма ќе се добие одговор.

**ТРАЈКО ГЕШОСКИ:**

Јас имам прашање до министерот за сообраќај.

Барање на граѓаните од Прилеп, а верувам дека сите граѓани од цела Македонија ќе го поддржат ова барање, а барањето се однесува на градба на трета лента на магистралниот пат Градско – Прилеп, на дел од сегментот од патот од тунелот па до Плетвар. Јас работејќи како хирург во Прилепската болница, повеќе од 20 години сведок сум на огромен број на сообраќајни незгоди, кои што незгоди често пати завршувале и со смртен исход, со тешки инвалидитети на тие повредени, со огромна материјална штета. Сите се сеќаваме дека пред неколку месеци како заврши судбината на нашиот репрезентативец

Игор Котески, кога му загинаа двајца најмили. Во сеќавање ни е пред две години кога во една сообраќајка на тој сегмент од патот загинаа два млади брачни пара од Скопје, со по едно дете од 3, 4 години. Утринава тргнувајќи од Прилеп од болницата бев известен дека синоќа и во попладневните часови се случени 3 сообраќајни незгоди.

И затоа барање е што побрзо овој сегмент со трета лента да се направи, заради тоа што сообраќајките од ден на ден се се почести. Одговорност на сите нас е овде што дозволивме овој сегмент на патот да остане во оваа состојба. А поголема одговорност е на поранешната Влада, што не пројави никаков интерес и слух овие трагедии на луѓе да се спречат. Барам усно да ми се одговори од страна на министерот за сообраќај.

Имам и друго прашање до министерот за земјоделие, зошто се дозволи на производителите на кромид во Прилепско, кои што мораа оваа реколта кромидот да го продаваат по цена од 2 денари на накупци од Албанија. Кромидот остана и мораа во последен момент тие производители по 2 денари од килограм.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА СООБРАЌАЈ:**

Господинот пратеник постави прашање за изградба на трета лента на патниот правец Градско - Прилеп, во годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта за 1999 година, не е планирана изградба, односно реконструкција на наведената делница за 1999 година.

**ТРАЈКО ГЕШОСКИ:**

Не сум задоволен со овој одговор.

Барам ургентно да влезе овој дел од 15 километри, само трета лента треба да се направи, бидејќи луѓе страдаат.

Итно барам и до Владата да се поднесе ова барање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот има право, да се подготви информација. После ние ќе расправаме по информацијата.

Парламентот ќе утврди став по тоа прашање.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Само уште нешто. Ако не е влезена во програмата на Владата, не е исклучена можноста за концесија, или странски инвестиции.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, може и тоа, но сепак вие барате писмена информација за да може да се води расправа.

**ТРАЈКО ГЕШОВСКИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во однос на второто прашање.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Што се однесува до производството на кромид, во тој регион не само во минатата година туку и наназад десетина години се врши не планско производство и навистина тоа е игра на среќа. Некоја година производителите на кромид навистина знаат да заработат добро, а некоја година се случува тоа што се случи минатата година.

Мислам дека треба да се направи една програма, која ќе го регулира производството на кромид, која ќе регулира кои сорти ќе се произведуваат и кои ќе можат да најдат сигурен пласман.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа.

Првото прашање се упатува до министерот за внатрешни работи. И уште на почетокот да кажам доколку не ја попречува или не оди на штета на истрагата, молам одговорот да ми биде даден усно, а доколку поинаку цени министерот, може и писмено.

На 19 овој месец на ул. "Цветан Димов" во близина на Џамијата Јаја Паша беше поставена експлозивна направа, при што потешко беа ранети три лица, а беше направена и поголема материјална штета. Јавноста до сега само штуро е информирана за настанот, додека подетални информации немаме.

Поставувам прашање, дали се откриени сторителите и дали има вистина во тоа што денес по весниците се најавува некаква поврзаност на поставувачите на експлозивната направа, со претходните напади врз силите на НАТО во Република Македонија, односно во Куманово и до каде е со истрагата.

Второ прашање до Министерството за надворешни работи. Барам одговорот да ми биде даде во писмена форма. При расправата за политичко безбедносната состојба во Република Македонија, побарав поголема транспарентност со управувањето, располагањето и распределбата на странската помош, наменете за бегалците од Косово. Тогаш ми беше ветено дека ќе го добијам списокот, но до ден денес никаква информација немам.

Поставувам прашање колку помош е пристигнато до ден денес, од кои земји и меѓународни организации и фондации, во каква форма во смисла пари, храна, или друга помош, како се потрошени, односно колку во износ е потрошено, како е распределено, уште колку е останато, кој управува со странската помош и т.н.

Трето прашање до Министерството за здравство. По можност, одговорот да го добијам усно. Според информации добиени од бегалците картони со кои им се овозможува здравствена заштита на бегалците, им се издаваат само на лица кои во Република Македонија влегле заклучно со 6 април 1999 година. Вчера тоа го потврдија и весниците и прашањето е следно.

Зошто не им се издаваат картони на сите бегалци кои легално го имаат регулирано престојот, односно се регистрирани во соодветните органи.

Четврто. До Министерството за сообраќај и врски. По можност одговорот да го добијам усно. Изградбата на автопатот Скопје - Тетово е во најголем ек. Според проектите се предвидуваше да има 4 места за приклучување и исклучување на возилата и тоа во Сарај - Букович - Групчин и Желино. Има сознанија дека приклучокот во село Буковик е исфрлен од проектот, односно нема да се гради. Со тоа всушност 15 илјади жители ќе бидат исклучени од можноста да го користат автопатот Скопје - Тетово.

Поставувам прашање - дали постои во проектот и во договорот за изградба на автопатот, изградбата на клучката во село Буковик.

Петто прашање, до Министерството за финансии односно до Владата, со оглед на тоа што прашањето се однесува за Агенцијата за приватизација.

Според информацијата со која располагаме работниците на ДО Рудници и сепарација "Хром Радуша" во село Радуша, која патем се наоѓа во стечај. Пред две години платиле акции, но од Агенцијата немаат добиено доказ за платените средства, поради што прашувам зошто не им е издадено на вработените документ за прием на средствата, односно доказ за уплата на средствата?

Кои се сопствениците на ДО Рудници и сепарација "Хром Радуша" и до каде е со судската постапка и уште колку таа може да потрае.

Одговорот на ова прашање го барам во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Зибери постави прво прашање до министерот за внатрешни работи.

Молам, дали господинот Павле Трајанов може да одговори на ова прашање.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

После настанот од страна на полицијата што се случи на 19 овој месец, веднаш е обезбедено на лице место од страна на полицијата, извршен е увид, со кој по овластување на истражниот судија го изврши стручна екипа на МВР. Во оваа експлозија повредени се четири лица, две потешко и две полесно.

Оперативните служби работат на откривање на подметнувачот на експлозивната направа. Оперативната истрага е доста широка, се преземаат широки оперативни мерки за откривање, за целосно расчистување на овој случај. Се прават анализи за да се утврди видот на експлозивната направа, употребениот експлозив, но конкретни резултати од оперативните истражувања до сега нема и не може да се потврди било каква врска на било кој во оваа експлозија што настана.

За се она што ќе добиеме како по конкретни податоци и докази ќе биде информирана јавноста, а сигурно и господинот пратеник што го постави ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник дали сте задоволни од одговорот?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Задоволен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Задоволен е.

Од Министерството за надворешни работи, колку што разбрав вие барате писмен одговор.

Од Министерството за надворешни работи барате одговор во писмена форма.

Од Министерството за здравство барате во усмена форма.

Дали може да му се одговори од Министерството за здравство

Има збор министерот за здравство Трајан Даниловски.

**ТРАЈАН ДАНИЛОВСКИ:**

Сосема кратко би одговорил дека, веројатно се работи за некаква бирократска опструкција која што нема никаква врска со различен третман на бегалците пред 6 април и после 6 април. Сите имаат исти статус и исти третман и мислам дека прашање на време е, кога тоа би требало да се реши. Веројатно дошло до некаква опструкција од технички карактер, која што лично ќе се ангажирам што е можно побрзо да биде надмината. Нема никаква друга причина за поинаков третман на бегалците после 6 април што влегле во нашата држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Имаме поставено прашање и до Министерството за сообраќај и врски, на кое барате усно да ви се одговори.

Дали може заменикот на министерот да одговори.

**ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ:**

Институтот пратеничко прашање го сфаќам како дијалог меѓу пратениците и министрите, односно замениците министри. Стварно тоа е добра прилика некои работи да се разјаснат.

Колку што мене ми е познато проектот Тетово – Скопје, односно Скопје -Тетово се изведува според проектот. Евентуално ако има некои отстапувања јас засега не сум запознат за такви отстапувања, ако навистина има такви отстапувања пратеникот ќе биде навреме и соодветно по писмен пат информиран.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, по можност по писмен пат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И конечно имавме прашања до Министерството за финансии односно Владата.

Ако може министерот за финансии да одговори, добро е или во име на Владата да се одговори.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

На тоа прашање барам писмено да ми биде одговорено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, писмен одговор ќе добиете.

Одиме понатаму со прашањата.

По редоследот овде е пријавен господинот пратеник Бајрами Фадил.

Ве молам господине Бајрами Фадил повелете.

**БАЈРАМИ ФАДИЛ:**

Почитувани колеги јас имам две прашања.

Барам одговор во писмена форма од Министерството за внатрешни работи, за да ги објасни околностите на погибиете на граѓанинот Беќир Лимани од Кичево на 17 септември 1998 година. Токму во денот на одржувањето на предизборната кампања на Бранко Црвенковски за време на парламентарните избори во Кичево. Ме интересира кој давал таква наредба за да се убива човека пред ден во очи на неговите деца и внуци без никаков најмал отпор од негова страна. Дали во овој немил настан е прекршен Уставот и законите на Република Македонија.

Второ прашање, барам да се достави писмена информација на јавниот правобранител на Република Македонија, за прашањето на правата на обвинетите од Кичево, Скопје и Куманово, бидејќи се притворени и задржани во притвор без судски налог повеќе од предвидениот законски рок и поради лошиот третман, физичко и психичко малтретирање за време на истрагата. По најновите информации, добиени од дневниот печат и нивните фамилии кај споменатите затвореници од приемно во КПД - Идризово се сместени во изолација, од кое произлегува револт кај затворениците да штрајкуваат со глад.

Мислам дека ова е многу сериозна работа, иако сум свесен за целокупната состојба во регионите во Македонија, меѓутоа мислам дека не треба да дозволуваме некој да игра со чувствата на тие луѓе со истите методи од времето на комунизмот. Ние не треба да бидеме обични посматрачи, да дозволуваме тие да умираат во Идризово, заради тоа што некој така сака. Тие што така сакаат знам дека е инспекторите од внатре, но ме интересира и го прашувам министерот за внатрешни работи, кој е тој што ги дава директивите однадвор на затворот.

Барам писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На двете прашања барате писмен одговор?

**БАЈРАМИ ФАДИЛ:**

Да во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро во писмена форма ќе добиете одговор.

Има збор г-динот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Јас сакам пред Вас да ги изнесам моите прашања, бидејќи е подобро да се гледаме очи во очи. Имам три прашања.

Првото прашање, е во врска со настаните во Битола околу штедилницата "Тат" и другите штедилници ширум Македонија. До каде е законскиот проект за обештетување на штедачите.

Второто прашање е во врска со заробените штедни влогови, исто така до каде е начинот на обештетување.

И третото прашање до Министерството за образование.

Во село Бистрица Битолско се поправа училиштето, дали до новата школска сезона ќе биде потполно опремено и завршено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Котевски, за навистина директните прашања.

Првите две прашања се однесуваат за Министерството за финансии.

Има збор г-динот Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Во врска со штедилницата "ТАТ", ние досега како Влада ги задолживме соодветните министерства да утврдат што е вистината со штедилницата "ТАТ", односно колку е штетата, колку има не надоместени средства на штедачите и после тоа да реагира Владата како ќе ги сервисира овие штедачи. Бидејќи постапката е при крај, по завршување на постапката ќе одлучи Владата за сервисирање на штедните влогови во Штедилницата "ТАТ".

Во врска со второто прашање, за сервисирање на заробените девизни влогови на граѓаните на Македонија, Владата подготвува закон за надоместување на штедачите. Дел од решенијата се почнати од претходната Влада, меѓутоа дел од решенијата не се прифатени, дел се прифатени и формирана е комисија во која учествуваат претставници на граѓаните што имаат заробени девизни влогови. Така да во постапка е изготвувањето на тој закон и мислам дека брзо ќе дојде пред Парламентот.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Благодарам, задоволен сум од одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со прашањето за образованието ќе одговори г-ѓата потпретседател Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Во врска со прашањето за изградба на училиштето во село Бистрица, Владата ќе се погрижи до крајот односно до почетокот на новата учебна година, учениците да можат да влезат во новото училиште во школските клупи и да започне наставата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е за поздравување.

Има збор г-динот пратеник Борислав Трповски.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги. Јас имам три прашања да поставам.

Првото прашање е за Министерството за трговија односно Министерството за стопанство. Во врска со косовската криза познато е дека нашето стопанство трпи огромни штети. Впрочем имавме можност да чуеме дека моменталните штети изнесуваат некаде околу 850 милиони долари. Оваа штета сигурно дека ќе биде значително поголема додека трае војната на територијата на СР Југославија, а ќе има и по долготраен карактер, по завршувањето на војната. Од страна на Министерството за трговија беше даден повик за пријавување на штети, од страна на фирмите поради откажувањето на договорите и поради зголемените транспортни трошоци.

Прашањето е што презема Владата, односно ресорното министерство околу надоместувањето на оваа штета. Дали таа ќе биде по пат на преговори и спогодувања и од кои држави ќе се бара да се надохнади оваа штета и дали воопшто Владата подготвува програма околу надоместување на штетата што фирмите ја имаат претрпено со војната во соседството.

Второто прашање се однесува за Министерството за труд и социјална политика. Имено во однос на бегалската криза, колку што ми е познато нашите органи се ангажираат за изведување на градежните работи од страна на градежната оператива, како и обезбедувањето на јавниот ред и мир од страна на органите на МВР, додека останатата хуманитарна криза е препуштена на разновидни хуманитарни невладини организации, кои се грижат за сместувањето и исхраната и други потреби на бегалците. Хуманитарната помош за бегалците ја даваат поедини држави или организации и приватни лица. Оваа помош сигурно не е мала. Се поставува прашање, дали нашите државни органи имаат право и должност да вршат контрола, како се користат финансиските средства што се даваат за овие бегалци и дали таа помош се користи рационално и наменски.

Третото прашање е за Министерството за градежништво и урбанизам, во однос на изградбата на автопатот Тетово – Скопје, односно Скопје – Тетово, како што Ви е познато изградбата треба да биде завршена до крајот на годината, меѓутоа со оглед на изведените работи очигледно е дека ќе дојде до пролонгирање на рокот на изградбата, па барам информација дали се предвидува нов рок до кога ќе биде завршен овој автопат и ако биде пролонгиран рокот дали тоа значи и ангажирање на додатни средства, односно дали ќе дојде до ревизија на финансиската конструкција и од каде ќе се обезбедат додатни средства за изградба на овој автопат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Борислав Трповски.

Значи првото прашање се однесуваше на Министерството за трговија во врска со надоместувањето на штетите.

Има збор г-динот министер за трговија Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

По настанувањето на војната во регионот Владата ги направи првичните оценки на основа на анкетираше на компаниите. Се дојде до сознание дека по 7-8 основи, Македонија може да трпи штети од милијарда и осумстотини илјади долари на годишно ниво. До тој момент штетите беа оценети некаде околу 200 до 22 милиони долари и се оцени дека за секој месец натаму штетите се 150 милиони долар.

Потоа Владата помина во втора фаза на истражување на штетите, а тоа значеше собирање на докази на таквите штети односно специфицирање. Неколку пати Министерството за трговија објавува оглас во медиумите за прибирање на такви докази. Пред се потпишани, а не реализирани договори со други држави, најмногу добивме потпишани а не реализирани договори со СР Југославија. До пред 7 до 10 дена беа собрани докази за 680 милиони долари, во меѓувреме пристигнуваат нови информации, со нови докази. Утринава ме информираа дека веќе има за плус 70-80 милиони долари и процесот на собирање на податоците за штетите продолжува.

Тоа се податоци само по тој основ, склучени, а не реализирани договори.

Исто така има друг вид на штети, штети во областа на транспортот, транспортните компании, штети од зголемени трошоци при транспортот на стоките во други држави, туризмот и т.н., што ќе бидат предмет на дополнителни спецификации.

Она што Владата планира да го направи е, по добивањето на конкретна слика, спецификација на штетите да испрати до повеќе меѓународни институции информација за овие штети со барање за обештетување.

Исто така ќе има и други интервенции од страна на Владата, тоа се донаторските конференции, ќе се разговара и со Меѓународниот монетарен фонд, за начин на кој би можел да ни помогне. За последните две, повеќе би можел да Ве информира министерот за финансии, бидејќи тој директно контактира со овие институции.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Никола Груевски.

Има збор г-динот Стојменов, министер за финансии.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Јa мислам дека навистина тоа е прашање на кое треба да се одговори, затоа што Македонија се наоѓа во тешка економска состојба, заради настаните во Косово.

Министерот за трговија ги најави штетите, меѓутоа тие штети се само во областа на стопанството и другите стопански дејности, но не и другите штети кои ќе настанат во Македонија, така да на Македонија и треба помош за да ги надомести тие штети.

Такво беше пратеничкото прашање, од каде пари и како ќе се делат пари на фирмите, заради настанатите штети поради војната на Косово.

Македонија е најоштетена земја, затоа што само директно со Југославија има најмалку 550 милиони промет во двата правци. И тоа евидентирани. Ако се знае дека некој промети со Југославија не се евидентирани, тогаш таа загуба е огромна.

Исто така големи се загубите заради тоа што се изгубија и други пазари, не само југословенскиот пазар. Се изгуби и Европскиот пазар. Многу земји ги откажаа договорите со македонските претпријатија и тоа делумно склучени договори. Тоа го направија, заради тоа мислеа дека патиштата се сега подолги, транспортните трошоци поскапи и на крајот времето за извршувањето на тие зделки ќе биде доведено во прашање. На крај краишта Македонија е ризична земја.

Затоа Владата под итно, бидејќи има недостиг на средства, Македонија не може да се извлече од оваа криза, за која ништо не е виновна ако не добие странска помош. Затоа направивме донаторска конференција, за која можеме да кажеме дека е успешна, меѓутоа не доволна, затоа што ние побаравме 440 милиони најмалку пари, ако може да бидат како гранд помош, неповратни за да може со тие средства да се интервенира во стопанството. Не само во стопанството, за да може исто така, ние побаравме средства за поддршка на Буџетот во износ од 185 милиони сега, а тие средства стално се зголемуваат, така да при таа поддршка на Буџетот тие средства да бидат наменети дел за трошоци кои се прават околу бегалците и за бегалците и дел трошоци, така наречени социјални трошоци, бидејќи многу фирми во Македонија веќе почнаа да отпуштаат работници, многу работници останаа без работа, така да помош на тие работници мора да има. Таа помош на тие работници се прави преку Буџетот на Македонија и за тоа бараме поддршка на Буџет од 100 сега 195 милиони. Реков донаторската конференција беше на еден начин успешна, но недоволно успешна, ние побаравме од ММФ под итно да дојде втора мисија, која еве денеска дојде. Доаѓањето на мисијата е следно да правиме нови аранжмани со ММФ во ново настанатите услови. Така да првата работа со ММФ е што ќе правиме два аранжмана, првиот е стен бај аранжман, кој носи веднаш средства од 32 милиони долари и втор аранжман, кој е во преговори, тој е уште побрз аранжман, се дава на земји специјално во криза и тоа е помош и третата работа зошто ние го повикавме ММФ, е тој да логира кај донаторите кој не учествувале на таа конференција, односно да интервенира.

Од втората работа ММФ бара нова донаторска конференција, бидејќи Вие бевте известени дека Втората донаторска конференција ќе биде во октомври, меѓутоа ние мислиме да припремите за месец дена Втора донаторска конференција. И,

Третата работа, веќе имаме известување, со писмо сум јас известен дека господинот Камби Шул ќе се обрати лично до сите земји до Натовската заедница, тие се 24 земји кои треба да учествуваат, да дадат пари, од две причини. Оние кои не дадоа, да ги дадат ветените средства, а оние кои ги ветија средствата, тие побрзо да ги испорачаат на Македонија.

Исто така, имаме еден аранжман со Светската банка, бараме и од неа средства, не оној кредит за кој зборувавме вчера од 50 милиона, ако ни помогнат, ние мислиме дека во Македонија ќе можеме да се извлечеме од оваа криза.

Така што, Владата на сите страни врши притисок и активност за помош која е толку потребна на Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Стојменов, дали сте задоволни господине Трповски.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Бидејќи и министерот истакна за сериозноста на прашањето, мислам дека е добро да имаме писмена информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање Вие го упативте на министерот за труд и социјална политика.

Господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Колку што успеав да го разберам прашањето, тоа се однесуваше за бегалците, нивното однесување, односно хуманитарната помош, контролата на хуманитарната помош, количината која влегува во Република Македонија и транспарентноста на трошење на таа хуманитарна помош.

Координатор за третирање на хуманитарната помош во Република Македонија е Министерството за надворешни работи, целата таа хуманитарна помош оди преку Високиот комесаријат за бегалци и треба да признаеме дека немаме потполни податоци за количината на применета хуманитарна помош и нејзиното дистрибуирање. Како Влада и како Министерство настојуваме, со оглед дека поголемите донации и средства од меѓународната заедница се даваат преку Високиот комесаријат за бегалци, нашето настојување е Високиот комесаријат што повеќе да купува производи, било тоа да се прехранбени артикли, било тоа да се други артикли, потребни за бегалците, да ги купува од производители, фирми на нашата земја. Во последно време битно тоа се поправува и доста прехранбени артикли и други производи се купуваат од наши фирми и се даваат на бегалците.

По детални информации, во врска со количините јас верувам, ќе изготвиме и писмена информација од страна на Министерството за надворешни работи, така да ќе имате поточни податоци за таа хуманитарна помош што е пристигната и како таа е делена.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Во овој контекст само би го замолил потпретседателот ако може да даде и образложение во однос на изјавата на портпаролот на Високиот комесаријат за бегалци, каде што истакна дека набавени се околу 160 ќебиња од Кенија, од Најроби, се разбира имаме производители во Македонија, кои можат да дадат такви поголеми количини и мислам дека и покрај ставот на Владата да се набавуваат производи од производители од Македонија, мислам дека сепак Владата треба да направи додатни активности околу оваа работа.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Не би сакал да коментирам сега изјави на портпаролот на Високиот комесаријат за бегалци, меѓутоа, можам да го кажам тоа што направила Владата во оваа насока, а тоа одговорно го кажувам. И Владата и јас лично сум се ангажирал, особено ќебињата да бидат купувани од најголемиот наш производител во земјата, а тоа е Комбинатот Тетекс и мислам дека одредена количина веќе се земени од таму.

Сепак, нашите производители треба да знаат, дека пред се Високиот комесаријат за бегалци внимава на квалитетот, што во случајот нема никакви дилеми, но внимава и на цената. Значи не смее, еве на пример производителите на ориз, да го нудат оризот со многу повисока цена која што е на светскиот пазар. Така најверојатно тие даваат сметка на сите тие донатори кои го финансираат Високиот комесаријат за бегалци. Значи нашите производители треба да се во рамките на цените кои се движат на светскиот пазар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ибраими и уште едно прашање имаше до министерот за градежништво и урбанизам.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Иако се работи за градба, се работи за градба на пат на инфраструктура, не знам зошто прашањето беше упатено до Министерството за градежништво и урбанизам.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Прашањето беше за рокот. И ако се пролонгира рокот, тоа ќе значи и ревидирање на финансиската конструкција, обезбедувањето на средствата.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Значи се гледа дека прашањето е до Министерството за сообраќај и врски, према тоа ова прашање иако е комплексно, имам некој информации и можам да Ви кажам дека патот Скопје - Тетово се гради интензивно, не можам да кажам дека се гради во предвидената динамика, финансискиот дел се покрива по динамика и јас се надевам, бидејќи може да се случи да има тука некои задоцнувања, се надевам дека и таквите задоцнувања ќе бидат мали и нема да има потреба за додатни средства за покривање на овој проект. Ако не сте задоволни, можете да добиете информации по писмен пат.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

По локалните избори, кон крајот на 1996 година и воспоставувањето на локалната власт во сите општини во Република Македонија, во почетокот на 1997 година, од поранешната Влада беше планирано поделба на движен и недвижен имот до крајот на 1997 година, помеѓу старите и ново формираните општини.

До ресорното министерство го поставувам следното прашање:

Дали е извршена поделба на движен и недвижен имот во сите општини на Република Македонија, ако не е направена оваа поделба, ме интересира зошто и во кои ново формирани општини, не е уште реализирана оваа поделба?

Одговорот го барам во писмена форма, бидејќи според моите сознанија, јас имам информации дека во општината Липково уште не е направена поделба на движен и недвижен имот. Ме интересира за Република Македонија дали има уште некоја општина каде не е направена таква поделба.

Второто прашање се однесува до Владата на Република Македонија, бидејќи општината Липково од ново формираните општини е најголема по бројот на жители, број некаде околу 27.000, можеби повеќе или нешто помалку, меѓутоа, тоа не е толку битно, само бројот на жителите тука се движи. Досега, оваа општина функционира само со еден градоначалник и со Советот на општината и некои вработени во службите на општината, предвидени со Статутот на општината. Меѓутоа, според бројот на жителите има потреба да бидат стационирани некој од подрачните единици на министерствата. Поготово Министерството за земјоделие, каде 90% од населението на општина Липково се занимава со земјоделие. Меѓутоа, до сега не е направен ни еден чекор за овие работи. А сметам дека по бројот на жители има и други општини во Република Македонија кои ги имаат најважните министерства, многу помали од општината Липково. Дали може да се направи нешто во комплекс на ова прашање?

Барам да ми се одговори, доколку некој може од претставниците на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Шаќири на поставените прашања, на едното прашање Вие барате да Ви се одговори во писмена форма, се однесува до Министерството за локална самоуправа, а второто прашање е во врска со децентрализацијата на некои од органите, а тоа е од особено за органите за земјоделие.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Владата целосно ги респектира прашањата што ги изнесе пратеникот и веќе подолго време се размислува околу измена на законската регулатива, која што ги третира овие прашања, така што тоа ќе биде направено во најскор период, се надевам пред одржувањето на новите локални избори. Ќе се овозможи отварање на подрачни единици во секоја општина, каде што има повеќе жители, каде што има потреба од тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Шаќири дали сте задоволни од одговорот.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега збор има пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас би поставил повеќе прашања.

Моето прво прашање се однесува до Министерството за правда. Ова особено, ако ја земеме предвид состојбата во третата власт, поточно во правосудството, според мене, истата е алармантна, од аспект на начинот, односно како се одвива извршувањето на судските одлуки. Ноторен е факт дека извршната постапка, со сите оние закони кои што ги донесе и претходната Влада, не се направи многу, поточно, огромен број, да речеме околу 90% се предмети натрупани во судовите, така да самиот закон не даде позитивни резултати.

По мене, прашањето би било вакво: Што Министерството за правда превзема во тој поглед, поточно дали планира да го измени Законот за извршување или планира да донесе нов Закон, со кој што ќе ја елиминира улогата, односно функцијата на заштита на должникот и ќе направи малку по ефективно извршување?

До ова Министерство, исто така имам уште едно прашање по однос на Законот за адвокатурата. Исто така, состојбата со адвокатурата е доста алармантна, во смисла на тоа, адвокатите како вршители на дејности, на некој начин се не заштитени, поради се поголемата појава на надриписарство, а Законот каков што е во оптек многу, многу не ја заштитува оваа дејност. Поради тоа, прашањето е дали во овој контекст, ова Министерство предвидува измени или сосема нов закон, со кој што адвокатурата ќе ја стави во улога каде што и е местото?

Имам уште едно прашање до ова Министерство, по однос на платите или примањата на администрација во судството. Познато е дека со измените на Законот за судот, администрацијата во судството се наоѓа во една подредена улога, особено во основните судови, така што истите се доста оптоварени со работа, а додека нивните примања останаа на едно ниско ниво, кое не е адекватно на нивната работа. За ова во претходната власт имаше и штрајкови, имаше и разни други интервенции, па би било добро, доколку е можно министерот за правда во овој контекст, ако може да одговори усмено, ако не, писмено.

Имам уште едно прашање до Министерството за земјоделие, дали ова Министерство планира работи на стратегија, по однос на откупот на тутунот во реколтата 1999

година и во тој контекст каква е улогата на Владата во тој дел.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Жарко Караџоски, јас го молам министерот за правда господинот Владо Камбовски, ако може да одговори на поставените прашања.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Благодарам на поставените прашања, можам да го информирам пратеникот и другите пратеници дека е подготвен еден пакет на закони, кој се однесува на брзината на судската постапка и поголема заштита на правата на доверителите на постапката. Тој пакет го опфаќа Законот за облигационите односи, Законот за договорна хипотека, Законот за извршна постапка и Законот за стечај. Овие законите се сега во фаза на поширока расправа, токму вчера и денес се одржува една таква расправа на Здружението на правниците во Охрид и потемелна дискусија за сите одредби од овие закони ќе се најдат наскоро во владина процедура, не подолго од десетина дена. Идејата е и во Законот за извршна постапка, поконкретно, бидејќи тоа прашање беше поставено, а позицијата на доверителот за зајакне во смисла на ефикасна заштита, а не да е за тоа, како што имаме сега случај, извршната постапка да се претвори во втора парнична постапка, односно низ фазата на извршување, да дојде до преотварање на целиот процес и тоа да ја одолговлечи постапката, така што правосилните пресуди мошне тешко се извршуваат. Во делот на извршувањето, ќе следат и други измени, во други прописи, пред се, мислам Законот за парнична постапка и за Законот за судовите. Идејата е извршната служба во судовите, да се постави како ефикасна, ажурна служба во која нема да доаѓа до никакви застои, туку штом падне една правосилна извршна пресуда, таа во експресен рок да биде извршена.

Законот за извршна постапка ќе ги редуцира правата на должникот за вложување на различни приговори, жалби и сл.

Вториот закон е Законот за адвокатура. Исто така, се подготвува нов закон за адвокатура, во кој партиципираат и самите адвокати, односно Адвокатската комора и во тој закон треба да се реализира уставната позиција на адвокатурата, како јавна служба во укажувањето на правна помош на граѓаните. Од една страна, тоа ќе го подигне авторитетот на адвокатурата, а од друга страна ќе значи внесување на некои нови правила на игра внатре во самата Адвокатска комора, адвокатите и Адвокатската комора, Комората и судовите и т.н. и се вкупно ќе придонесе за по ефикасна работа и на судовите. Во тој контекст, ќе биде решавано и прашањето на надриписарството, за кое мошне тешко би можело во Кривичниот законик да се стават директни забрани, односно да се инкриминира надриписарството, како што тоа беше случај пред десетина години, туку забраната на надриписарството ќе се обезбеди преку Законот за адвокатура и некои други, да речеме процесните законот, Законот за парнична и извршна постапка и другите процесни закони, во кои единствено ќе се дозволи пристап пред судовите во смисла на укажување на правна помош, застапување на адвокат, така што странката ќе може да диспонира дали самата ќе ги остварува своите права над заштита пред судот, или ако веќе бара правна помош од некого, да не може да бара правна помош од било кого, туку тоа да го бара од оваа јавна служба од адвокатурата.

Значи, тоа е идејата на овој закон, кој исто така е подготвен. Останува уште во тој закон да се разграничат некои прашања, каде Законот за адвокатура се допира до Законот за нотарските работи и потоа, откако ќе се надминат мошне споро тие прашања, мислам дека во текот на јуни и овој закон ќе биде уште во постапка.

Во однос на платите во судовите, а особено на судската администрација, само неколку податоци ќе кажам. Во судовите имаме вкупно околу 2,5 илјади вработени. Тие треба да решаваат 1.200.000 илјади предмети годишно, една огромна работа која е струполена на ваков број на луѓе и се разбира дека тоа предизвикува разни проблеми од материјална природа, плати и слично на тоа. Во каква позиција се наоѓавме ние како Влада, да речеме, можам да го наведам следниот податок. Со судна мака го решаваме проблемот на сто педесетина нови вработени. Тоа се од оние вработени меѓу двата изборни круга и слично, кои требаше да бидат вработени, меѓутоа, дали требаше во таква процедура, тоа е друго, кои претставуваат додатна ставка во Буџетот за судовите.

Во програмата на Владата е предвидено дека кон крајот на оваа година треба, дека во рамките и на другите предлози во однос на независното судство, како што е самостојниот судски буџет и некои други предлози, да се постави прашањето за платите на судиите, а во тој контекст веројатно ќе се г«остави прашањето за платите во судската администрација. Меѓутоа, тоа прашање ние не можеме да го решаваме надвор од замислата воопшто положбата на јавната администрација, вклучувајќи ја тука и судската администрација, да се уреди на еден комплетно нов начин. Владата ќе усвои, верувам следната недела, една стратегија за реформа на јавната администрација, ќе видите дека во планот за реализација на таа стратегија има определени фази. Една од тие фази ќе ги допре и прашањата на материјалната положба на вработените во јавната администрација, а во тој дел и положбата на судската администрација.

Не знам дали пратеникот е одговорен од одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот Караџоски е задоволен од одговорите?

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Да, задоволен сум и му благодарам на министерот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаше уште едно прашање упатено и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Заменикот министер тука е присутен и ќе се обиде да одговори.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Владата на Република Македонија за 1999 година ја донесе гарантираната цена за откуп на тутунот од реколтата во 1999 година. Морам да кажам дека таа цена и покрај тешкотиите на производството, преработката и продажбата на тутунот, на ферментиран тутун, Владата ја зголеми таа цена за 5%. Значи, догодина имаме загарантирана повисока цена. Значи, штом Владата ја донесе оваа цена зголемена, Владата сигурно размислува и гарантира дека ова производство ќе биде откупено и во текот на наредната година, покрај проблемите кои постојат.

Исто така, законската регулатива околу откупот односно производството на тутун, мислам дека оваа година се направија сите напори да се регулира производство, да се знае кој произведува, со кого склучува договори, за да не настанат проблеми при откупот на тутун, да се прават повеќе договори за производителите да бидат изложени да не знаат каде да го носат тутунот, да има да речеме една нелојална конкуренција, од која нелојална конкуренција сепак страдаат тутунопроизводителите.

Според тоа, мислам дека откупот на тутунот од реколтата од 1999 година ќе биде вред, бидејќи Владата е свесна дека во Република Македонија 10% од жителите се занимаваат со производство на тутун.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволен од одговорите?

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани членови на Владата, колеги пратеници, иако прашањето до Министерството за сообраќај беше поставено од мојот колега од Прилеп Гешоски, би сакал да потенцирам, бидејќи и Битола и целиот битолски регион суштински е заинтересиран за патниот правец преку Плетвар, тоа да влезе како најитен приоритет во Програмата за регионалните патни правци и можеби да се разгледа варијантата, мојот колега спомена трета лента, можеби треба да се разгледа варијантата на нов патен правец, како што тоа беше започнато пред неколку години, ставен камен темелник, меѓутоа, се запре на тоа. Колку што сум информиран, она што го спомна министерот како заинтересиран за концесиите и т.н., мислам дека Република Грција исто така е заинтересирана и треба да се направат напори во тој правец.

До Министерството за финансии: Свештениците од Битолско - Преспанската Епархија, плаќаат данок редовно како и сите граѓани на оваа држава, во фиксен износ на месечно ниво. Меѓутоа, според нивни сознанија, тоа не било случај со останатите свештеници во Република Македонија. Тие прашуваат зошто се ставени во таква ситуација да бидат обесправени во однос на своите колеги или ако постои некакво ослободување за другите свештеници, тогаш да бидат ослободени и тие.

Уште едно прашање до Министерството за финансии.

Во Битола има појава на употреба на бонови како платежно средство, а колку ми е познато, тоа е забрането со законот. Да не наведувам какви се последици за државата има не полнење на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување и т.н. Меѓутоа, стои и еден друг проблем. Тие бонови главно се распределуваат по одредени продавници од колонијален тип, така што се создава нелегална конкуренција, меѓу сопствениците на вакви приватни фирми.

До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

Граѓаните кои живеат во региони каде се експлоатира шума, главно во селата во под пелистерскиот регион, шумата се експлоатира од овластени шумски стопанства, меѓутоа проблемот се јавува кога самите граѓани, кои живеат на тие подрачја не можат да користат да сечат дрва за свои лични потреби. Тоа е во под пелистерските села, меѓутоа, според нивни сознанија, во Демирхисарско на луѓето им е дозволено да ја користат шумата за свои лични потреби. Зошто е тоа така и како може да се регулира.

До Министерството за труд и социјална политика:

Плаќањето на заостанатите сметки на граѓаните кои се социјални случаи за електрична енергија, вода, телефон, комунални потреби и т.н., е отежнато заради познатата ситуација. Граѓаните се согласуваат дека тие долгови кон одделни јавни претпријатија, тие кон државата треба да ги подмират, бараат да се изнајде начин на одложено плаќање, со што би се олеснила ситуацијата на трошоците што ги направиле во извесен период, со месеци, година или повеќе наназад за да можат да ги платат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Никола Јованов.

Значи, имаме прашање до министерот за финансии, па можеби и до министерот за трговија за боновите.

Има збор господинот министер за финансии Борис Стојменов за да одговори на ова прашање.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Во врска со првото прашање за свештениците, според информациите кои јас ги имам, скоро сите свештеници се должни и плаќаат персонален данок, така што во тој поглед нема исклучоци и на тоа прашање ќе добиете писмена информација.

Во врска со второто прашање за употребата на бонови во прометот како еквивалент на пари, со ниеден законски пропис во Македонија не е дозволена употреба на бонови во промет како еквивалент на парите, така што секоја употреба на боновите е спротивна на постојните законски прописи и тоа се санкционира како казна. Употребата на боновите во прометот, фактички претставува и една нова емисија на пари и ако тоа се прави, се прави кривично дело.

Затоа, ниедно претпријатие не смее тоа да го прави, затоа што на еден начин прави нова емисија на пари, а второто прашање е тоа што таа ги прикрива даночните придонеси кои треба да ги плати на државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволен од одговорот?

Задоволен сум.

Вие поставивте прашање и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор господинот заменик министер Јован Дамчевски.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Согласно членот 7 од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" број 47/1997), шумите се во државна и приватна сопственост. За стопанисување со шумите во државна сопственост за стопанска намена Владата на Република Македонија основа Јавно претпријатие за стопанисување со шуми, со шумите во приватна сопственост стопанисуваат сопствениците. По член 17, Јавното претпријатие за стопанисување со шуми во државна сопственост, Јавното претпријатие "Македонски шуми" е формирано со одлука на Владата на Република Македонија (32-8/1 од 15.12.1997), а тоа почна да функционира од 1.08.1998 година.

Забрането е вршење на сеча на државна шума од страна на физички лица заради обезбедување на стопански потреби и продажба по член 37.

Да кажам во оваа прилика дека во врска со Законот со шумите, сите оние кои имаат сопствена шума, мислам дека таа шума нормално со пријавување таму може да ја посечат, меѓутоа сигурно од државна шума не би можело да се сече и без разлика дали ја има во селото или ја нема, треба да се оди преку претпријатието "Македонски шуми".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Јованов, дали сте задоволен од одговорот.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Ова создава проблем. Дали може да се регулира граѓаните кои живеат таму и ја користат шумата за свои лични потреби, не за продажба.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Ова прашање можеби држи, треба да се разгледа малку по детално, меѓутоа, законската основа сега е таква и не би можел јас да кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имавте упатено прашање и до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор господинот министер Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Точно е дека социјалната положба на граѓаните во Република Македонија во целина е тешка, особено во овие моменти кога имаме отпуштање од работа и нормално е да се зголемува тој број на корисници на социјална помош. Проблемите што ги имаат корисниците на социјална помош се евидентни во однос на плаќањето сметки за електрична енергија и такса за други комунални услуги. Социјалната помош се дава според позитивното право на оваа земја. Но постои можност, а тоа го овозможува "Електростопанство на Македонија" плаќањето на сметки да се врши одложено на 2-3 рати, ако тоа граѓаните го бараат од "Електростопанство на Македонија" и ако за тоа склучат договор со "Електростопанство на Македонија".

Во однос на сметките за други комунални услуги, тоа е веќе во надлежност на локалната самоуправа, односно јавните претпријатија кои делуваат во локалната самоуправа и мислам дека ова прашање би требало да се покрене пред Советите на општините, што не значи дека Владата се ослободува од овој проблем односно од Министерството за труд и социјална политика и јас ќе настојувам како Министерство да ги покренувам сите овие прашања, особено во овој тежок ден кога ни е потребно, а засега тоа го имаме да издејствуваме во јавните комунални претпријатија да се изврши одредено намалување на плаќањето на комуналните такси за социјалните случаи. Колку ќе успееме во тоа, тоа е друго прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот Бедредин Ибраими.

Господине Јованов, дали сте задоволен од одговорот.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, ние работиме веќе три часа. Овде гледам дека има голем интерес за поставување прашања. Барем во овој момент има 23 пратеници кои бараат да постават прашање. Ние ќе работиме сигурно уште еден час, пред да направиме пауза.

Но не сум сигурен дека ќе можеме да ги исцрпиме, бидејќи не знам уште колку има пријавено. Имаме сигурно околу 40 пратеници што сакаат да поставуваат прашања.

Предлагам да работиме денес уште еден час, а после тоа со оглед дека доаѓа и викенд, да продолжиме следниот четврток со останатите прашања, со оваа седница со прашања и одговори, затоа што се намалува и концентрацијата, а и Владата има одредени обврски.

Јас велам да работиме до 15,00 часот, а после тоа да ја прекинеме седницата и да продолжиме следниот четврток. И така во среда ќе ја продолжиме Дваесеттата седница.

Ако има согласност за тоа, тогаш да одиме така.

Сега збор му давам на господинот пратеник Стојан Ковачевски.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Доколку може да се каже редоследот на пратениците за поставување прашања, за да знаеме да не стоиме сите тука, затоа што сепак се работи за пратенички прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако си одите, тогаш ќе останат само тие што поставуваат прашања.

Немојте така, господине Мевљан Таири.

Не би го кажал сега редоследот, затоа што не е во ред тоа.

Имате овде еден дел, но има уште еден дел што јас го немам на екранот, а се пријавени за поставување прашање.

Но добро, да се вратиме повторно, има збор господинот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги, имам неколку прашања не така долги.

Првите две се до Министерството за здравство и Фондот за здравство.

Со сиот респект кон општата економска состојба, дефицитот на Фондот за здравство и здравствената заштита на бегалците како дополнителен проблем, мора да се постави прашањето за сериозниот недостиг на есенцијални лекови и потрошен медицински материјал. Овој проблем е чувствителен и мошне штетно може да влијае на здравствената состојба на населението во Република Македонија. Кога е во прашање здравјето на луѓето, без оглед на причините, дефицитот на основните и витални лекови не може подолго да трае и верувам дека интензивно се работи на разрешување на проблемите. Ќе набројам само неколку категории на дефицитарни лекови како што се антибиотици, некои цитостатици - ова го нагласувам - дел лекови за срцеви болни, инзулините, медицински материјал за интервентна кардиологија, дијализа, дел средства за дијагностика и друго. Кои се мерките што се преземаат и предвидувањата за нормализирање на оваа состојба на медицинското снабдување во здравството.

Второто прашање е кратко. Побуден од тоа што во здравствените институции во Македонија, од редот на бегалците со хемодијализа се лекуваат во центрите Скопје, Струга, Тетово, Гостивар, Дебар и други центри, значителен број на пациенти бубрежни болни, ме интересира дали Министерството за здравство на Република Македонија ќе успее да ги убеди претставниците на Високиот комесаријат за бегалци дека, месечните трошоци за здравствена заштита на пациентите на дијализа, не можат да се пресметуваат со вредност од 2 до 2,5 долари месечно, колку што е изваден просекот на чинење на вкупната здравствена заштита, просечната здравствена заштита на поединец во бегалците, заради тоа што реалните минимални трошоци месечно на пациентите за дијализа изнесуваат 1000 пати повеќе од тоа. Ова го изјавувам со сета одговорност.

До Министерството за сообраќај и врски.

Струшката пошта, иако покрива простор од шест општини и население од близу 70 илјади жители, години наназад, технички технолошки и кадровски успорено се развиваше, а просторно со децении работи во оскудни и не соодветни услови. Ваквата пошта во Струга не може да ги задоволи ни оддалеку потребите на граѓаните. Поштата е тесно грло, особено во летните месеци, кога поради туристичкиот промет неколку пати се зголемуваат поштенските телефонски и телеграфски услуги.

Дали е во план и кога ќе се реши проширувањето и евентуално осамостојувањето, самостојниот статус на поштата на Струга по примерот на многу други пошти во општините во Македонија.

До Министерството за информации.

Има ли изгледи за проширување на информативниот простор, пред се на електронските медиуми за повеќето општини во Југозападниот дел на Македонија, Струга, Охрид, Ресен, Кичево, Дебар.

Граѓаните имаа чувство дека се во информативна блокада оставени само на

информативните програми на Македонската државна телевизија.

До Министерството за образование.

Пред три години за изградба на училиште во с. Франгово - Струшко беа обезбедени средства од Министерството за образование, но од технички причини во врска со проблемите со локацијата изградбата се одложи, а средствата беа пренасочени во некое друго училиште, мислам некаде кумановско.

Сега во споменатата населба отстранети се техничките проблеми, создадени се услови за градба на училиштето, дури е поставен камен - темелник и толку пари повеќе нема, па какви се изгледите за враќање односно рестартирање на инвестиционата програма и обезбедување средства за градба на споменатото училиште во селото каде старото е руинирано со вкупно четири простории, а неколку стотини ученици, не може да служи за настава. Учениците немаат минимум услови.

Ќе ми дозволите едно прашање од Кабинетот на градоначалникот на општина Вранешница испратено до парламентарната група, во кое се обраќа дека од 22 до 26 март колона на НАТО - конвојот од неколку десетици тешки возила со наоружување го користеле локалниот пат, при што во значителна мера го оштетиле. Тој пат е изграден 1998 година, со сопствени средства на локалната самоуправа.

Се прашува, до кого треба да се обратат за надокнадување на штетата на локалниот пат и кој ќе ја врши проценката на направената штета. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојан Ковачески, тој упати прашања до повеќе министерства.

Јас гледав по редоследот најпрвин би го замолил министерот за здравство, ако е во можност да одговори на поставените прашања.

Има збор г-динот Драган Данаиловски.

**ДРАГАН ДАНАИЛОВСКИ:**

Првото прашање беше околу тоа што се прави со преговорите или со контактите со Високиот комесаријат за бегалци за онаа фамозна сума од 800 илјади американски долари, што тие ја нудат за згрижување односно покривање на трошоците во изминатиот период за бегалците кај нас.

Точно е дека, тоа од прилика значи 2,5 долари по бегалец, а реалните трошоци само за обезбедување на примарната здравствена заштита изнесува 24,5 долари и тука во таа сума не се вклучени трошоците кои дополнително постојат, на пример амортизација на постојната опрема, тука не се вклучени трошоците за транспорт на стоки кој е поскап сега со оглед на војната на север, отколку што беше досега.

Преговорите се во тек, има индиции дека таа сума ќе биде зголемена, но ми се чини дека приодот или принципот на кој таа сума е определена сепак не е најповолен за нас, испадна работата дека треба со нив да се пазариме. Мислам дека со здравјето на луѓето нема пазарење. Ако тие претендираат да бидат организација која навистина се хумано ориентирани и хуманистички ориентирани, навистина би требало да ги осознаат, согледаат и признаат тие наши трошоци.

Да не должам понатаму, преговорите се во тек, мислам дека ќе се избориме за поголема сума која не е дефинитивна, туку е прва транша или прва сума која е за досегашните трошоци.

Второто прашање беше околу проблемот со снабдувањето со лекови и други потрошни материјали и средства во нашето здравство. Се уште се на сила оние решенија или оние одлуки, оние заклучоци од некогашните тендери што биле распишани во врска со лековите и другите потреби во медицината. Цените што се постигнати и одобрени на тие тендери се неколку кратно, да не речам десетици пати во одредени случаи повисоки од реалните, односно од оние кои е нормално да бидат прифатени, имајќи ја предвид производната цена даречеме на еден аспирин или на еден пеницилин.

Она што мора да го направиме за да не дозволиме и понатаму да бидеме, слободно ќе се изразам, уценувани од одредени веледрогерии, иако можеби е прејак збор за што тие едноставно си ги бараат не наплатените средства, а фондот е 110 милиони марки во минус. Она што хитно би требало да го направиме, тоа е да распишеме и тоа ќе го направиме преку нови тендери со понискi цени, кои по наша слободна процена до 30% би ја намалиле цената на лекарствата кај нас. Секако како подолгорочни мерки планираме и други зафати за кои е прерано да ги експлицирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Данаиловски.

Дали г-динот пратеник е задоволен? (Задоволен е).

Вие упативте прашање и до Министерството за сообраќај и врски.

Дали можеме да одговориме на тоа прашање?

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА СООБРАЌАЈ:**

Заради точноста, прашањето навистина е поврзано со издатоци, а од друга страна се знае поштата не е веќе ПТТ како што беше порано, туку е поделена на две јавни претпријатија. Тоа се Македонски телеком и Македонски пошти.

Колку сфатив прашањето е поврзано со телефонски - телеграфски услуги. Тоа значи не со Пошта, туку со Македонски телекомуникации.

Добро, нека се прецизираат прашањата, па пратеникот ќе добие писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот е задоволен.

Имавте прашање и до Министерството за информации.

Тука е заменикот министер г-динот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Одговорот на прашањето за можното проширување на локалните електронски медиуми на спомнатото подрачје, Министерството за информации ќе го подготви во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Исто така имаше поставено прашање до Министерството за образование, министерот не е тука, па во писмена форма ќе добиете одговор, г-дине Ковачески.

На ред е, според мониторот, г-динот пратеник Назми Кадриу.

**НАЗМИ КАДРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, јас имам едно прашање до Министерството за здравство.

Општина Студеничани има околу 11 илјади жители, таму функционираат две провизорни амбуланти со вкупно три лекари. Според Уставот на РМ, на секој граѓанин му се гарантира право на здравствена заштита, а Законот за здравство предвидува еден лекар до 1200 пациенти. Од ова право да се грижат здравствено адекватно се оневозможени граѓаните на општина Студеничани, имајќи ги предвид двата фактора бројот на граѓаните на општина Студеничани и просторната оддалеченост на овие села до здравствените установи. Само за илустрација село Црн Врв се наоѓа 40 км оддалечено од Скопје.

Прашањето е дали Министерството за здравство предвидува конкретни мерки за решавање на здравствените проблеми на општина Студеничани, кои се гарантирани според Уставот на РМ и Законот за здравство на РМ.

Барам писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај ќе ви биде доставен писмен одговор.

Сега е на ред г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитувани министри.

Сакам да поставам две прашања до Владата на РМ и до соодветните министерства.

Прво, во последните неколку месеци македонската јавност беше свидетел на редица спектакуларни би рекол медиумски проследени полициски акции на МВР, во откривање на поголеми количества на опојни дроги, оружје и експлозивен материјал.

Особено во сеќавање на македонската јавност остана откривањето на камионот со марихуана ма Македонско - Грчката граница во присуство на премиерот на Владата и министерот како и поголемото количество на оружје и друг воен материјал во кумановското село Лојане.

Прашањето е како е можно по неколку месеци од овие акции да не се познати сторителите на овие очигледни и докажани дела, особено случајот со камионот со марихуана.

Затоа го прашувам надлежното Министерство за внатрешни работи, дали води истрага за овој случај, дали се индицирани и иницирани кривични пријави против сторителите, ако не, зошто тоа до сега не е направено.

Второто прашање исто така доста кусо ја прашувам Владата, односно надлежното Министерство, тоа би било Министерството за сообраќај и врски, ако не тогаш министерот за одбрана, дали е точно дека во последно се водат разговори со НАТО - претставниците околу отстапувањето на аеродромот "Петровец" за нивни потреби.

Барам усмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам министерот за внатрешни работи г-динот Павле Трајанов, ако може да одговори.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Околу овие прашања сврзани со активностите на Министерството за внатрешни работи.

Прво, околу случајот со откривањето и запленувањето на еден тон марихуана на излез од РМ спрема Грција, на граничниот премин кривична пријава е поднесена, се знае кој е главниот организатор на оваа недозволена трговија со опојни дроги, се работи за државјанин на Република Албанија, распишана е меѓународна потерница за негово пронаоѓање и се води постапка во овој случај пред Основниот суд Гевгелија.

Исто така за сите до сега откриени случаи на оружје, експлозивни материјали, муниција и друга воена опрема во сите случаи има сторители, поднесени се кривични пријави и пред надлежните судови се води постапка, вклучително и за случајот во село Лојане. За тој случај се поднесени кривични пријави против четири лица, за кои постои основано сомнение дека се извршители на кривични дела. Едно од тие лица е во бегство, меѓутоа, независно од тоа постапка се води и ако требаат детали можеме пратеникот и писмено да го информираме за кои лица се поднесени кривични пријави, против кои е одредена мерка притвор од страна на надлежните судови, така што нема кривично дело, зборувам за овие случаеви, каде не се познати сторителите врзани за дрогата и оружјето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Трајанов.

Дали господинот Љубомир Поповски е задоволен.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи сум делумно задоволен, јас би сакал сепак и во писмена форма да ги добијам овие податоци во врска со моето поставено прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете, министерот претходно се согласи, во писмена форма.

Второто прашање беше до министерот за одбрана.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Досега не се случило отстапување на аеродромот Петровец на НАТО единиците. Тој е наш единствен цивилен аеродром и во исто време се користи и за воени цели, за транспортни авиони, за хуманитарни цели.

Спрема тоа, не доаѓа предвид никакво отстапување на аеродромот Петровец.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Благодарам на одговорот, но сепак и ова сакам во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имате право и на тоа, ќе добиете.

Сега е на мојот монитор по ред господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:**

Почитуван претседател на Собранието, господа министри, почитувани колеги.

Имам три прашања.

Првото прашање е до Владата, односно во случајот до г-ѓицата Доста Димовска, бидејќи таа е потпретседател на Владата, во отсуство на претседателот на Владата, мислам таа го заменува.

Вие се сеќавате дека со настанувањето на кризата на Косово, во рамките на ЕУ се формира посебна група, која требаше да ги приближи страните со учество на САД и на Руската Федерација. Како резултат на тоа се водеа долги разговори, релативно долги, при што беше постигнат договорот Холбруг - Милошевиќ и на основа на тој политички договор, договорот меѓу генералот Кларк и генералот Перишиќ, тогаш беше началник на Генерал штабот. Со тој договор беше предвидена зона на забранети летови на делови од Југославија, т.е. на Косово, односно летови со пријавување. Тоа е она што се договорија двете страни и да престојува на Косово мисија на ОБСЕ, која ќе направи се што е во нејзина можност да ги спречи понатамошните конфликти.

Ставот на тогашната Влада беше дека се она што ќе се договори помеѓу меѓународната заедница и властите во Белград, дека треба да се почитува, бидејќи тие преговори беа и во рамките на иницијативата на ООН. Во согласност со тие принципи, тогашната Влада се согласи во РМ и со тоа со одлука на Владата да се стационира воздушната верификациона мисија, која вклучуваше без пилотни авиони. Најнапред од Скопје, после тоа дополнување и во Тетово.

Во меѓувреме додека траеја изборите, со согласност со постигнатиот договор, заради безбедноста на Мисијата на ОБСЕ во Косово, почнаа разговорите за лоцирање во РМ на група така наречни екстрактори, кои ќе треба да помогнат во случај мисијата на ОБСЕ да почувствува безбедност од помали размери. Се работеше за група од околу 1740, колку што се сеќавам на бројката. Значи, вкупно со воздушната верификација некаде околу 1900 припадници на силите на НАТО.

За воздушна верификација, постои одлука на Владата и потоа мое одобрување, како министер надлежен за локациите кои можат да ги користат, додека за втората мисија ние начелно се согласивме, бидејќи беше навистина потребно да се обезбеди заштита на верификаторите на ОБСЕ, доколку тие не можат да се справат со проблемите на Косово. Но, бидејќи беа во тек изборите и изборите завршија, тогаш сите оние претставници на НАТО кои го посетуваа Министерството, јас ги упатував до, веќе мандаторот на новата Влада господинот Љубчо Георгиевски, со тоа што со новата Влада дефинитивно треба да се договорат за нивното стационирање во Република Македонија и тоа се направи.

Во меѓувреме следеше воздушниот напад на НАТО врз Сојузна Република Југославија и ние сме сведоци дека над Република Македонија паѓаат чудни предмети, многу необични, за кои јас Ви тврдам дека не ги поседува Армијата на Република Македонија. Тоа може да го потврди и новиот министер за одбрана. Не се по потекло од сателитите, бидејќи е невозможно да паднат од таква далечина.

Според тоа, заклучувам дека нападите врз Југославија се вршат преку територијата на Република Македонија. Впрочем и во некои стручни списанија беа објавени шемите на движењето на леталата на НАТО.

Моето прашање е: Кога Владата одлучила, на која дата и под кои услови да се користи небото на Република Македонија за напади врз СР Југославија, со потсетување дека такви барања беа доставени до Унгарија, Романија, Бугарија. Таму заседаваа не само владите, туку и парламентите на тие држави и дури некои поставија услови, под кои може да се користи небото на тие држави.

Затоа ја молам, да ми одговори усмено, бидејќи одговорот е едноставен, на која седница на Владата и под кои услови е дозволено прелетување на НАТО авионите, преку територијата на Република Македонија, односно користењето на воздушниот простор.

Второто прашање го поставувам до министерот за одбрана, господинот Никола Кљусев.

Беше објавено дека се покачени платите за 20% во Министерството за внатрешни работи, заедно со претпоставувам на полициските сили, заради посебните напори и отежнати услови во врска со косовската криза, што јас лично го поздравувам, затоа што навистина тие луѓе се изложени на посебни напори и посебни обврски, сериозни обврски, како припадници на полицијата. Меѓутоа, во исто време не слушнавме, бидејќи јас немам информација, дали се покачени платите и на униформата во Армијата, затоа што и тие исто така се изложени на посебни напори, во овие посебни услови и зашто не се еднакво третирани од страна на Владата униформираните лица во Полицијата и оние во Армијата на Република Македонија.

Третото прашање е за министерот за внатрешни работи, господинот Павле Трајанов, а се однесува на откривањето на еден од штабовите на ОВК во Република Македонија, близу до селото Лојане, при што од коалиционен партнер беше речено дека тоа е ујдурма на македонската полиција, за да од друга страна слушнеме од министерот за внатрешни работи дека, веќе се чувствува дејствување на ОВК во Република Македонија.

Морам да кажам дека меѓу граѓаните постои загриженост, заради претпоставката за која јас не тврдам дека е точна, дека некои политички структури во Македонија им јавуваат на припадниците на УЧК, во случајот кај селото Лојане да го напуштат, бидејќи тоа се покажа дека е релативно голема база за македонски услови, дека потоа настапува полицијата. И ако на ова се надоврзе изјавата на коалиционен партнер, дека тоа е ујдурма на полицијата, оттука се сомневањата дека, можеби некој дава сигнали на дејствувањето на ОВК не ја загрози неговата структура, односно дека тие практично маневрираат на територијата на Република Македонија и не можат да бидат подвргнати на законите на РМ, особено ако се припадници, односно граѓани на странска држава.

Тоа беа моите прашања и би сакал усмени одговори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Првото прашање беше упатено до госпоѓата Доста Димовска. Повелете.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Пратениците ја искористија можноста цели експозеа, околу некои проблеми да дадат. Тоа е нивно право, јас нема да навлегувам во тоа.

Факт е дека постои консензус околу стремежот на Република Македонија да стане членка во Северно - атланската алијанса. И претходната Влада и сегашната, со стапувањето на новата Влада се правата максимални напори за што по скорешно стапување во НАТО алијансата, така што во функција на таа соработка и во функција на поддршка на меѓународните напори за постигнување на мирно разрешување на косовскиот конфликт, Република Македонија даде дозвола за присуство, односно македонската Влада, на НАТО трупите, кои имаат чисто мировна функција во Република Македонија.

Што се однесува конкретно до прашањето на пратеникот, ниту постои такво барање од страна на НАТО алијансата, ниту Владата решавала по некое такво хипотетичко барање, кое што го истакна пратеникот.

Според нашите информации, прелетите на НАТО авионите на македонскиот воздушен простор се чисто на воспоставување на воздушен штит над македонското небо.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Би поставил неколку потпрашања.

Тогаш да се каже колкав е бројот на авионите кои ја штитат Република Македонија и кои се тие средства, кои практично служат за агресивни цели при употреба на оружје или орудија за бомбардирање.

Ве молам, ако Владата не дала согласност нека каже дека не дала согласност.

Ако некој не побарал согласност, а лета преку Република Македонија, тогаш практично не се почитува овој народ и не се почитува неговата политичка структура, неговата власт.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Очигледно пратеникот сака тенденциозно, врз основа на одредени написи врз печатот и разни полу информации да донесе некои заклучоци, Македонија да ја набеди, да нанесе штета на државата дека, Македонија на некој начин учествува, дала дозвола за користење на нејзината територијата, односно на воздушниот простор за акции врз северниот сосед. Тоа нај одлучно го демантирам.

Што се однесува до конкретните податоци околу бројот на прелети, за тоа можеше дополнително во писмена форма да добиете информации.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Тогаш, молам, Владата да побара стручна експертиза од некои меѓународни институции, да утврдат дали над Македонија летаат авиони од непознато потекло.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор министерот за одбрана на Република Македонија господинот Никола Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Добро е што екс министерот за одбрана вака загрижено поставува некои прашања, а на него му е најдобро познато дека Македонија не располага со софистицирана радарска опрема, кој над 8 до 10 илјади метри лета над Република Македонија.

Според тоа известена е и СРЈ преку нејзината амбасада за таа работа и тој самиот призна дека не може во вакви услови да се контролира небото над одредена висина. Тоа впрочем му е познато и на господинот Китановски.

Владата на Република Македонија нема донесено никакво решение досега и не е вкусно на нашата говорница тука да се говори дека македонската територија тука служи за напад во војната со Југославија. Таква работа нема досега и не би требало воопшто да покренуваме такви прашања, затоа што ние самите го поставивме прашањето на НАТО дека, со прифаќањето на давањето гостопримство на НАТО единиците, не се дозволува напад од територијата на Република Македонија врз друга соседна земја. Тоа го кажувавме секаде. Го кажавме во Вашингтон, со претседателот на Републиката.

Што се однесува до второто прашање, точно е дека платите на Армијата на Македонија се многу депресирани, речиси долг период тие не се зголемени. Овие денови ние дадовме еден предлог до Владата, да ги покачиме барем платите на платената војска, на специјалните наши единици волци и шкорпиони, затоа што тие навистина се изложени на опасности во извршувањето на нивните функции. Да се надеваме дека Владата ќе се согласи со предлогот на Министерството, платените војници неодржливо е да бидат платени со 300 марки. Ние ќе настојуваме да им се зголемат платите за 30%.

За другите униформирани лица во Армијата, ние засега немаме предлог затоа што финансискиот буџет е многу ограничен. Но, доставивме барање до меѓународниот фактор, расположливите средства кои се потрошени од страна на Буџетот на АРМ, а биле нашите единици на располагање во прифаќањето на бегалците, нивното транспортирање, на местата преку масовни премини и разни легални премини, што спаѓа во контекстот на една зголемена активност на Армијата за разлика од нормални услови. Да се надеваме дека преку овие донаторски конференции меѓународниот фактор тоа ќе го покрие и ќе ни даде шанса, тоа што е потрошено да се врати во касата на Министерството и да размислуваме за зголемување на платите на нашите униформирани лица.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за одбрана.

Дали господинот Китановски е задоволен од одговорот.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Задоволен сум од одговорот, иако делумно.

Сметам дека требаше во исто време, кога се покачија платите од Полицијата, да бидат покачени платите и на луѓето од Армијата.

Сега, бидејќи министерот коментираше, се повика и на моето министерување, само да го потсетам дека сите пријателски авиони кои прелетуваат над РМ, секој од нив има посебен апарат кој се вика трансмитер, кој се уклучува тогаш кога се има пријателски однос со некоја земја и тогаш го регистрира било кој радар. Ако сака некој да го сокрие своето дејство, тогаш тој апарат е многу едноставен, се исклучува и тогаш навистина ние не можеме да регистрираме никаков прелет.

Да ве потсетам, кога беше прелетот на воената вежба од авионите на НАТО, над РМ, не и побаравме да ни се каже со какви сили ќе се изврши таа вежба и бидејќи навистина немаме таков радар, тогаш тие ги вклучија тие трансмитери, така да нашите стручни лица ги следеа и точно знаеме колку авиони влегле, а колку излегле. Според тоа, постои начин да се утврди дали небото на РМ се користи за дејствијата кои ги наведов.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Ако г-динот Китановски ги познава сите тие работи, јас би го предложил за претседател на Комисијата, да ги испита тие работи.

Не би требало да се измачуваме со такви работи. Мислам дека на сите ни е јасно дека на целиот балкански простор се збива нешто, кое не може во дефинитивност да се утврди и би било илузорно ако веќе се случуваат такви процеси, ние да поставуваме такви прашања пред јавноста.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Флоровски процедурално побара збор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Ве молам, не може да се поставува процедурално прашање, кога чекам одговор од министерот за внатрешни работи.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Само 30 секунди ако ми дозволите.

Во врска со стручна експертиза сакав да понудам едно соломонско решение. Еве јас би предложил, една голема куќа, како што е Американската вселенска агенција, а вие како добар познавач на таа област, треба да дојде во Македонија и да го среди прелетот на американските авиони.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Флоровски, мислам дека вие не сте надлежни да одговарате на сето тоа. Немојте да го користите правото на процедура и да го злоупотребувате. Не е тоа начин.

Ве молам, достоинството на овој дом мораме да го сочуваме. Оставете, секој има право на мислење. Многу квалификувано одговара Владата. Јас сум денеска презадоволен од нивните одговори, особено морам да кажам, министерот за здравство толку е упатен, а го избравме пред некој ден, што навистина е за пофалба.

Имаме уште можност да го сослушаме г-динот Тилевски Митко.

Еве г-динот Китановски ме потсетува дека треба да му се одговори уште на третото прашање, што го постави до министерот за внатрешни работи.

Извинете, г-дине пратениче, малку ја зbркав работата, со што ми се уфрли процедуралното прашање.

Има збор министерот за внатрешни работи г-динот Павле Трајанов.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Писмено ќе одговориме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Еве министерот рече дека ќе ви одговори писмено на поставеното прашање.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас барам процедурално прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Амди, јас ја водам седницата, јас давам збор.

Седнете си на место.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не можам да се вратам на место господине претседателе. Кога дозволивте на друг да постави процедурално прашање, можете и на мене да ми дозволите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ви го одземам зборот за процедурално прашање и немате право да поставувате.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас сакам процедурално да се јавам околу седницата која ја водите, лично на вас г-дине претседателе да ви се обратам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не одговарам денес на прашања.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Вие го поставивте прашањето г-дине претседателе, дека до 15,00 часот ќе имаме пратенички прашања. Вие значи на нас ни определувате време. Не може викенд. Нека знае јавноста што е работата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас предложив, а вие ќе одлучите во 15,00 часот.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Нема да одлучиме. Ние овде треба да работиме. Не може како на вас ви одговара и да не сецкате со пратенички прашања. Министрите се дојдени.

Министрите се дојдени сите и за тоа барам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние ќе работиме.

Ќе го поставам тоа прашање, па ќе одлучиме сите.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Дајте ми збор. Не, господин претседателе, не можете така, затоа што вие сте претседавач, а јас сум пратеник.

Колку е вашето право, толку е и моето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред, седнете, вратете се на место...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, не се враќам на место. Не се враќам господин претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте сега. Дајте да работиме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Па не може вие кога сакате господин претседателе, кога саката и што сакате со Парламентот да правите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине, јас сум претседател и додека сум претседател...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Вие сте претседател, јас сум пратеник во Собраниево на Република Македонија. Ништо не сте поголем од мене. Вие сте одбрани од народот како и јас, и вие, вие сте само еден говорник и еден новинар, претседавач во Собрание на Република Македонија. Тоа е тоа. Ништо понатаму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Амди Бајрам напуштете ја говорницата. Напуштете ја говорницата.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ама има ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, не е целта да ја напуштам. Целта е македонската јавност да види дека манипулирате, дека не се однесувате како што треба. Го прекршувате правилото...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе одлучиме во демократска...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Па ние не сме овде, не сме ние овде пратеници да дојдеме за еден - два саата, три саата, да не изигрувате, цела Македонија, овде да доаѓаме денеска, утре, задутре, прекутре, да ги прекинувате седниците...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не ги прекинувам...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ќе заседаваме до сабајле ако треба овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ако завршивте, вратете се на место сега.

Вратете се на место и пуштете не да работиме. Работиме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не да ве пуштам да работиме. Јас го имам гласот како секој.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред, вратете се на место, го искористивте тоа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Вие не ми дадовте, туку јас сам си говорам овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, господинот Митко Тилевски има збор. Господинот Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Благодарам за дадениот збор...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Благодарам за дадениот збор.

Почитувани господине претседателе,...

(Пратеникот Амди Бајрам напуштајќи ја говорницата гласно протестира, незадоволен од третманот на претседателот на Собранието, но и од некои пратеници кои дофрлаа од место, при што претседателот господинот Саво Климовски неколку пати бараше ред во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Амди Бајрам, ве молам седете на место и смирете се.

(Пратеникот Амди Бајрам продолжува со вербалните искази од место, обраќајќи се на своите колеги пратеници со заканувачки зборови, при што претседателот беше принуден да го повика обезбедувањето).

Ќе ве молам, обезбедувањето нека го отстрани господинот пратеник Амди Бајрам.

Ве молам господине Амди Бајрам седнете.

Добро, добро, господине Амди Бајрам смирете се, седете на место, смирете се.

Ве молам седнете на место. Смирете се, ве молам.

(Пратеникот Амди Бајрам бурно протестира).

Господа пратеници...

Господине Амди Бајрам, ве молам...

Господине Амди, ве молам седнете, да не ја прекинам седницата.

Господинот пратеник Тилевски Митко нека продолжи со прашањето.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Благодарам за добиениот збор.

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, дами и господа пратеници, го користам своето пратеничко право да поставам три прашања.

Првото прашање се однесува до Министерството за финансии - како што е познато со решение на гувернерот на Народната банка, господинот Борко Станоевски, штедилницата "Лавци" ставена во стечај, а за што е поведен управен спор пред Врховниот суд на Република Македонија, кој со пресуда број 590/97 од 15.10.1997 година го поништи Решението на Народната банка за ставање во стечај на споменатата штедилница "Лавци".

Меѓутоа, за Основниот суд во Охрид и Апелациониот суд во Битола таа пресуда како да не е меродавна и не сакаат да го поништат своето решение за ставање во стечај на штедилницата.

Со оглед на тоа дека во мојата охридска изборна единица има повеќе штедачи од пропаднатата штедилница "Лавци", барам од надлежните за оваа проблематика да ми се одговори до кој стадиум е стигната постапката и дали јавноста за овој случај наскоро ќе биде и пошироко информирана.

Второто прашање, барам информација од Владата, односно од ресорното министерство, може за стопанство да ми одговори кои мерки ќе бидат преземени за да се избегне, според сите најави, катастрофалната туристичка сезона што ни претстои.

Да потсетам, оваа прогноза непосредно се поврзува со влошената политичко - безбедносна состојба во регионот предизвикана од војната кај нашиот северен сосед.

Третото прашање е до Министерството за здравство - барам информација од соодветното Министерство за здравство во Владата, за тоа колку и дали со случувањето на бегалската криза во земјата е зголемен бројот на заразните болести кај нас. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Тилевски.

Значи, прво прашање имаме поставено до министерот за финансии.

Господинот министер би требало да одговори писмено или усно, како ќе каже.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Како смета министерот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Како смета господинот министер.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Ова се однесува до министерот за финансии, а исто и до министерот за правда, на ова прашање ќе одговориме писмено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На ова прашање писмено ќе одговорат двете министерства.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање беше поставено за туристичката сезона.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Дали има некои согледувања околу туристичката сезона.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господин Арнаудов Ламбе, заменик на министерот за стопанство.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Ова е многу интересно прашање, со оглед на тоа што во Проекциите за глобалниот светски поредок, економски, предвидено е дека 72% од 2000 до 2050 година ќе се остваруваат во областа на услугите, односно во туризмот. После доаѓа банкарството и т.н.

Заради тоа мислам дека на ова прашање во Владата и во Министерството за стопанство се даде соодветно место и со оглед на тоа што Македонија како туристичка земја има што да понуди, бидејќи е обдарена со природни убавини, културно - историски споменици од разни цивилизации и ери, а исто така и со сообраќајна инфраструктура е добро поврзана. Сметам дека тоа се услови што ги исполнува.

Со оглед на тоа што туризмот, како фактор на економски развој, може да повлече развој и во сите останати гранки, мислам дека оваа гранка треба и понатаму да се развива во уште поголем степен. Во споредбите што ги имаше на Светскиот економски форум беше искажано дека, само еден туристички странски гостин носи приход колку еден рудар, кој ќе ископа 200 тони руда и што е најважно за Македонија како земја со висока стапка на невработеност, стапката на вработување во области поединечно е најголема кај туризмот, односно изнесува дека секои 4 минути во светот се вработува по еден вработен во туризмот. Тоа е голема шанса за Македонија и на тоа му придаваме посебно значење, со оглед на тоа што во иднина се очекува еднa, така наречена, пресинг услуга во туризмот, а тоа е човек на човек, односно еден понудувач на услуга да користи еден турист.

Се сеќавате дека минатата година македонскиот туризам, односно посебно Охрид како носител на тој туризам доживеа една еруктивна состојба во домашниот туризам. Исто така еден голем, задоволителен пораст во враќањето на странските туристи. Мислам дека првите мерки што ги направи туристичката понуда беа изнудени од економскиот карактер на оние луѓе кои во тој момент спечалија пари. Сите свои пари ги вложија во повторно подобрување на квалитетот на туристичката понуда, очекувајќи дека оваа година ќе добијат повеќе туристи. Мислам дека тоа беше едно од најдоброто што се случи во туристичката понуда во Македонија.

Исто така, беа преземени мерки за учество на сите туристички саеми и берзи, каде што за прв пат беа договорени договори со најголемата туристичка компанија во Берлин, што има околу 6000 претставништва во светот. Нормално, мислам дека веќе беа склучени договори и беа примени аванси од околу два милиони марки, односно беа договорени посети на туристи од Германија и Холандија.

Меѓутоа, видовте што се случува со војната, така што сега нашите мерки, најмногу се преземени, со оглед на тоа што најголем број на туристи имаме од соседните земји, се направија неколку средби со туристичките тур оператори и новинари кои беа повикани во Република Македонија да ги согледаат тие можности, дека навистина, иако во соседството имаме војна, Македонија не е загрозена од тие дејствија.

Исто така, беа направени напори со еден апел преку нашите претставништва или туристички или преку амбасадите и други претставништва што ги имаме во светот, на најдобар можен начин да ги замолиме нашите луѓе кои се на привремена работа во странство, своите годишни одмори што имаат намера да ги поминат во други држави, мислам дека би било пожелно да ги проведат во Република Македонија и со тоа да дадат еден придонес. На туристичките фирми им беше сугерирано од наша страна да го подобрат квалитетот на понудата, односно да согледаат што е она што туристите го имаат како желба од земјите, војниците што се стационирани од НАТО во нашава земја, барем да ги привлечеме нивните семејства да го поминат нивниот туристички, нивниот годишен одмор во Република Македонија. Тоа ќе биде голема стапка во задоволување на одреден број туристи и ноќевања во Република Македонија, иако нема да биде ни приближно до она што очекуваме. Во секој случај, сега се преземени мерки, веќе имаме и посета во неколку републики на одредени градоначалници, кои ќе се обидат да покажат дека во Македонија може да се летува без да биде загрозена безбедноста на туристите. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ламбе Арнаудов.

Дали господинот Тилевски е задоволен?

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Да, задоволен сум, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Третото прашање беше поставено до Министерството за здравство.

Има збор господинот министер за здравство, д-р Даниловски Драган.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Морам да констатирам, со сета одговорност, дека состојбата во камповите, меѓу бегалците е степенувана како неповолна.

Што значи тоа? Постојат во епидемиологијата четири степени: добра, неповолна, лоша и вонредна. Значи, уште не сме ги достигнале оние најлошите два степени.

Меѓутоа, морам да кажам дека тоа е моментална ситуација и моментална оценка за епидемиолошката ситуација, поради тоа што на повидок се големи горештини од една страна, а од друга страна густината на населеноста во камповите е таква и хигиенските услови се од друга страна за нас познати, што сето заедно, сите

тие фактори заедно определуваат епидемиолошките ризици, како што ние тоа стручно го велиме, да бидат многу високи. Така што моменталната оценка дека состојбата е неповолна, што не треба лажно да не улулка во некакво самозадоволство дека сме безбедни.

Некои податоци: морбилитетот, структурата на морбилитетот или на заболувањата што се јавуваат се претежно околу 80% повеќе респираторни инфекции, значи банални настинки, ангини и заболување од тој тип. Тие не е вообичаено да се јавуваат во епидемиска форма. Тоа беше карактеристично во овој изминат период заради познатите температурни разлики. Знаете, сместени се во шатори, а околу 10-15% отпаѓаат на цревни заболувања. Меѓутоа, никако не колера, како што некои новинари склони кон сензационализам, тоа со големи букви на првите страници го објавуваа, туку за банални, водени проливи така да кажам, дијареи, предизвикани од исто така предизвикувачи на цревни инфекции, кои не спаѓаат во типови што имаат висок епидемиски потенцијал, ако тоа така можам да го речам. На пример, до сега ја изолиравме клепсиела, која е предизвикувач на епидемии кај новороденчиња, но епидемискиот потенцијал не е премногу висок.

Конкретни податоци: во просек некаде околу 20 заболувања, 20 вкупно пријавени заболувања неделно на 1000 жители на камповите. Да речеме, во "Радуша" 21 пријавен, јавен на преглед во текот на минатата недела на 1000 жители на кампот "Стенковец" 21 на 1000, "Чегране" 32 на 1000, таму е впрочем состојбата најнеповолна, така да се изразам, епидемиолошка; "Непроштено" 40 на 1000; за "Бразда" немам податок. Ако ве интересираат уште податоци во апсолутни вредности: за "Радуша" тоа е 100 до 150 бегалци јавени на преглед неделно, за "Стенковец" 400-500, "Чегране" 1000-1400, меѓутоа треба да имаме предвид дека таму има 31-32000 жители има таму и во "Непроштено" 200-400.

Ако господинот го интересира подетален епидемиолошки извештај, може и во писмена да му биде доставен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Тилевски повелете.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Може и писмено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, значи господинот Тилевски е задоволен.

Господо пратеници, имаме два предлози.

Едниот е на господинот Амди Бајрам ние да продолжиме за работа, а другиот беше мојот предлог денеска да прекинеме и да продолжиме во четврток.

Јас ќе ве молам, најдемократски да се произнесеме, го ставам предлогот на господинот Амди Бајрам на гласање.

Кој е за тоа денеска да продолжиме со работа, а кој не е?

Ќе ве молам да гласаме во рок од 15 секунди.

Ве молам, да биде демократски.

Кој е за тоа да продолжиме, нека го притисне копчето "за", а кој не е....

(Реакција на пратениците).

Јас мислам дека треба да гласаме демократски, не сакам никој да рече дека јас наметнувам некакви решенија.

Да гласаме демократски кој е за едниот, а кој е за другиот предлог.

(Пратеникот господин Љубен Пауновски бара процедурално).

Процедурално барате?

Ќе ве молам господине Пауновски да гласаме, па ќе видиме нека покаже тајното гласање.

Ќе ве молам, имаме два предлози, едниот предлог е тој што јас го поставив, да ја прекинеме седницата денеска и да продолжиме следниот четврток по овој редослед што е даден овде, а другиот предлог е на господинот Амди Бајрам да продолжиме со работа.

Јас го ставам прво предлогот на господинот Амди Бајрам за продолжување со работа денеска.

Кој е за да продолжиме со работа денеска, после пауза од еден час, го ставам на гласање, а после ќе гласаме и за мојот предлог да продолжиме во четврток.

Ќе ве молам да почне гласањето. Изјаснете се.

Според резултатите од гласањето, од 56 тројца се "за", двајца се "воздржани", а 51 пратеник се против.

Предлогот е јасен.

Тогаш, ќе ве молам нема потреба да продолжуваме со гласањето.

Ја прекинувам седницата, а во четврток продолжуваме во 11 часот со истиот редослед како што е овде пријавен.

Ви пожелувам добар викенд на сите.

(Седницата прекина со работа во 15,10 часот).